1. Одлука за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за зимски и летен семестар во учебната 2015/2016 година.

**На 121. седница на Ректорската управа, одржана на 6.7.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.

2. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за покренување на постапка за избор на тројца проректори за мандатен период од 15.9.2015 година до 14.9.2019 година.
4. Одлука за распишување на Конкурс за избор на генерален секретар за мандатен период од 15.9.2015 година до 14.9.2019 година.
5. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија и утврдување на надомест за членовите на Комисијата, за работната група за успешно реализирање на уписите на Универзитетот и за соработниците од единиците на Универзитетот кои се задолжени за примање на документи и внесување на податоци за пријавените кандидати за студиската 2015/2016 година.
6. Одлука за давање на зајмувања помеѓу сметката на сопствени приходи од прв и втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
7. Одлука за пренос на средства од една на друга сметка од групата на сметки на сопствени приходи - приходи од самофинансирачки активности Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
8. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавка за 2015 година.
9. Одлука за усвојување на Правилник за работа на Фондот за стипендирање на студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
10. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Фармацевтски науки на трет циклус студии во рамките на Факултетот за медицински науки.
11. Одлука за усвојување на англиска верзија на документите за студирање на студентите од прв, втор и трет циклус на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
12. Одлука за усвојување на Одлуката за ангажираност на наставничкиот кадар за странските јазици (универзитетски изборни) и странските јазици – факултетски на нематичните единици во учебната 2015/2016 година, за прв циклус универзитетски академски студии.
13. Одлука за дополнување на Одлука бр.2002-137/5 од 9.6.2015 година за распишување на Конкурс за прием на кандидати за специјализација.
14. Одлука за зачленување на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во Европската асоцијација на факултети по фармација, European Association of Faculties of Pharmacy (EAFP).
15. Одлука за дополнителна исплата на пензионираните професори ангажирани како стручњаци од пракса на Факултетот за медицински науки во летен семестар од учебната 2014/2015 година.
16. Одлука за обезбедување на сместување и превоз на учесници за Втората меѓународна научна конференција во рамките на Правниот факултет.
17. Одлука за давање на согласност за преземање на преостанати обврски по предметите Здравствена заштита на животните и Систем за безбедност за производството на храна.

18. Одлука за донација на парични средства за издавање на монографија под наслов „Сеќавање на Стела Слејанска Стојаноска“.
19. Одлука за давање на согласност за ангажирање на наставник на друг универзитет.

**На 122. седница на Ректорската управа, одржана на 17.8.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за започнување на постапка за дополнување на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“.
2. Одлука за давање на согласност за придружно членство на други единици кон Универзитетот.
3. Одлука за покривање на трошоци за конференција на тема „Миграција на море: перспективи на меѓународното право и регионални пристапи“.
4. Одлука за давање на согласност на Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучокот над 40 kw.
5. Одлука за запишување на студенти на Факултет за медицински науки во квотата со кофинансирање во учебната 2015/2016 година на Универзитетот „Гоце Делчев“.

**На 123. седница на Ректорската управа, одржана на 31.8.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година.
2. Одлука за дислокација на котелот на нафта од системот за греење од Технолошко-техничкиот факултет во Пробиштип во Наставниот центар во Струмица.

**На 124.-та седница на Ректорската управа одржана на 10.09.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за утврдување на листа на кандидати за проректори на Универзитетот.
2. Одлука за давање на согласност за ангажирање на доц. д-р Игор Стојановиќ на друг универзитет.
3. Одлука за усвојување на Извештајот за финална реализација бр.3302-110/1 од 7.7.2015 година.
4. Одлука за давање на согласност на Барање бр.3302-118/1 од 14.8.2015 година за посета на Agile SCRUM Master обука и EXIN Agile SCRUM сертификација и придружување на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за придружна членка на МАСИТ.
5. Одлука за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип учебната 2015/2016 година.

6. Одлука за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимскиот и летниот семестар во учебната 2015/2016 година.
7. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за одлучување за прием на кандидати за втор циклус студии за учебната 2015/2016 година.
8. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за одлучување за прием на кандидати за трет циклус (докторски) студии за учебната 2015/2016 година.
9. Одлука за префрлување на студенти запишани во учебната 2013/2014 година на насоката Банкарство, финансии и осигурување од Кочани во Скопје.
10. Одлука за давање на согласност на Договор за донација.
11. Одлука за запишување на кандидати кои се јавиле на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии на Универзитетот во учебната 2015/2016 година, а кои имаат помалку од 40 поени.
12. Одлука за давање согласност за обезбедување на хотелско сместување на предавачи кои ќе земат учество на Научниот симпозиум „Естетски концепти за функционална оклузална рехабилитација“ на релација Скопје – Штип – Скопје.
13. Одлука за усвојување на Елаборат за трет циклус студии на студиска програма по општа медицина Базични и клинички истражувања во медицината во рамките на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**На 125. седница на Ректорската управа, одржана на 14.9.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за дополнување на Одлуката за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимски и летен семестар во учебната 2015/2016 година.
2. Одлука за формирање на групи на запишаните студентите на прв циклус студии на Универзитетот во учебната 2015/2016 година.

**На 126. седница на Ректорската управа, одржана на 15.9.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за избор на генерален секретар на Универзитетот.
2. Одлука за дополнување на Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, во учебната 2015/2016 година.

**На 127. седница на Ректорската управа, одржана на 21.9.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за зимски и летен семестар во учебната 2015/2016 година.
3. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање на согласност на одлуките од наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за учебната 2015/2016 година.
4. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на додаток во плата на лица кои извршуваат одредени одговорни и раководни функции на Универзитетот.

## V. УНИВЕРЗИТЕТСКИ СЕНАТ

**На 101. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 1.12.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Факултетот за образовни науки.
4. Одлука за одбивање на жалбата поднесена од доц. д-р Александар Костадиновски и потврдување на Одлуката бр.1702-189/5 од 25.8.2014 година донесена од Наставно-научниот совет на Економски факултет.
5. Одлука за одбивање на Жалбата поднесена од доц. д-р Крсте Шајноски и потврдување на Одлуката бр.1702-189/3 од 25.8.2014 година донесена од Наставно-научниот совет на Економски факултет.
6. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
7. Одлука за усвојување на Правилник за изменување на Правилникот за основање, управување, надзор и внатрешна организација на Уни-сервис – Штип.
8. Одлука за усвојување на Годишен маркетинг план за 2014-2015 година,

поднесен од Центарот за односи со јавноста при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

9. Одлука за усвојување на Годишен извештај на вработените во внатрешно-организационите единици/стручно-административни служби во Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2014 година и Годишен план за обука на вработените во внатрешно-организационите единици/стручно-административни служби во Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2015 г.
10. Одлука за усвојување на Планови за заштита и спасување од природните катастрофи и други несреќи на објектите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
11. Одлука за дообезбедување на средства за реализација на набавката -изработка на бунар за водоснабдување на објект во Амзибегово за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
12. Одлука за усвојување на Финансиски план на Универзитетот за 2015 година.
13. Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2015 година.
14. Одлука за усвојување на Програма за инвестиции и инвестициско одржување на Универзитетот за 2015 година.
15. Одлука за ослободување од плаќање на партиципација на посебни категории студенти, кои се запишани во учебната 2014/2015 година.
16. Одлука за покривање на трошоците за загревање на просторот кој го користи Универзитетот во ЈЗУ „Клиничка болница “ – Штип.
17. Одлука за определување на временски период во кој вработените на Универзитетот колективно ќе го користат вториот дел од годишниот одмор за 2014 година.

**На 102. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 22.12.2014 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој.
2. Одлука за избор на проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска во звање редовен професор.
3. Одлука усвојување на Студентски календар и распоред на годишни активности за студенти од прв циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, за календарската 2014/2015 година.
4. Одлука за усвојување на Годишен извештај за работата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2013/2014 година.
5. Одлука за усвојување на Записникот од Комисија за расход бр.0103-1377/7 од 17.12.2014 година на Универзитетот.
6. Одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за информатика.
7. Одлука за усвојување на Барање за покривање на трошоците за електрична енергија од Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип.

8. Одлука за продолжување на времетраењето на Рамковна спогодба за набавка на услуги за копнен траспорт-превоз на студенти и на Договорот за набавка за регистрација на возилата на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
9. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година.
10. Одлука за исплата на фиксен надоместок поради зголемен ангажман на пензионирани професори ангажирани како стручњаци од пракса на Факултетот за медицински науки во зимски семестар од учебната 2014/2015 година.
11. Заклучок по Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за високо образование.

**На 103. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 29.1.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој.
2. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој.
3. Предлог-одлука за избор на дописен член на Македонската академија на науките и уметностите.
4. Одлука за ангажирање на проф. Лариса Бондаренко за визитинг професор.
5. Одлука за давање на согласност на одлуките од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа за финансирање на научноистражувачки проекти за 2015 година.
6. Одлука за усвојување на висината на надоместоците за час на договорно ангажираните професори, соработници и стручњаци од пракса на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
7. Одлука за продолжување на времетраењето на Рамковна спогодба бр. 0203-1243/1-4 од 31.1.2014 година за поправка и тековно одржување на високонапонски и нисконапонски електрични инсталации по спроведена постапка по објавен Оглас бр.61/2013 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
8. Одлука за усвојување на Предлог-план „Денови на образование” за 2015 година.
9. Одлука за дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
10. Одлука за усвојување на предлогот за доделување на звање професор емеритус за проф. д-р Кирил Цацков и проф. д-р Стојан Здравев и формирање на Рецензентска комисија.
11. Одлука за усвојување на предлогот за доделување на титула почесен доктор за проф. д-р Илија Пејовски и проф. д-р Енди Пејков и формирање на рецензентска комисија.
12. Одлука за усвојување на предлогот за доделување на звање почесен

професор за проф. д-р Гералд Ветцел, проф. д-р Јорг Бабин Ебел, проф. д-р Гуентер Никлевски, проф. д-р Јосип Милат, проф. д-р Иван Ангелов и формирање на рецензентска комисија.

**На 104. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 9.2.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Извештајот од Централната пописна комисија за извршениот попис на Универзитетот за 2014 година.
2. Одлука за склучување на договори помеѓу Факултетот за медицински науки и приватни здравствени стоматолошки установи, за летен семестар во учебната 2014/2015 година.
3. Одлука за склучување на Договор со ПЗУ „Дентолаб“ – заботехничка лабораторија во Здравствен дом – Штип.
4. Одлука за покренување на постапка за избор на нови членови за Универзитетскиот сенат.
5. Одлука за усвојување на Извештај од интерна проверка за ИСО 9001:2008.

**На 105. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 27.2.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2014 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
2. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2014 година на Унисервис ДООЕЛ – Штип.;
3. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2014 година на Унисервис агро ДООЕЛ – Штип.
4. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2014 година на Универзитетски спортски центар.
5. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2014 година на Универзитетски кошаркарски клуб.

**На 106. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 27.2.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за продолжување на времетраењето на Договор бр.0203-1323/1-13 од 3.3.2014 година за Набавка на канцелариски материјал по спроведена постапка по објавен Оглас бр.72/2013 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
2. Одлука за продолжување на времетраењето на Рамковна спогодба бр.0203-1337/1-24 од 3.3.2014 година за набавка на горива по спроведена постапка по објавен Оглас бр.71/2013 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
3. Одлука за исплата на паричен надоместок на вработени во Унисервис ДООЕЛ – Штип за дополнителна работа за време на празници, ноќна работа и зголемен обем на работа за 2014 година за потребите на Универзитетот.

**На 107. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 19.3.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за доделување на награди по повод 27 март – патронат на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2015 година.
4. Одлука за доделување звањето професор емеритус (Professor Emeritus) за проф. д-р Кирил Цацков.
5. Одлука за доделување звањето професор емеритус (Professor Emeritus) за проф. д-р Стојан Здравев.
6. Одлука за доделување титула почесен доктор на музичка уметност (џез композиција и џез пијано), (Doctor Honoris Causa) за проф. д-р Илија Пејовски.
7. Одлука за доделување титула почесен доктор на менаџмент на природни ресурси (Doctor Honoris Causa) за проф. д-р Енди Пејков.
8. Одлука за доделување на звањето почесен професор на Медицински науки (Professor Honoris Causa) за проф. д-р Гуентер Никлевски.
9. Одлука за доделување на звањето почесен професор на угостителство и туризам (Professor Honoris Causa) за проф. д-р Гералд Ветцел.
10. Одлука за доделување на звањето почесен професор на медицински науки (Professor Honoris Causa) за проф. Јорг Бабин – Ебел.
11. Одлука за доделување на звањето почесен професор на општествени науки (Professor Honoris Causa) за проф. д-р Јосип Милат.
12. Одлука за доделување на звањето почесен професор на биотехнички науки, генетика и селекција (Professor Honoris Causa) за проф. д-р Иван Ангелов.
13. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година.
14. Одлука за продолжување на Договорот за користење на услуги бр.0307-9/13 од 18.2.2014 година и Анекс на Договор бр.0307-9/52 од 10.6.2014 година склучен помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Уни-сервис ДООЕЛ – Штип;
15. Одлука за усвојување на Листа на членови на наставно-научните совети на единиците на Универзитетот за летниот семестар во учебната 2014/2015 година.
16. Одлука за избор на проф. д-р Славко Ангелевски во звање редовен професор.
17. Одлука за избор на проф. д-р Орце Поповски во звање редовен професор.
18. Одлука за одобрување на Образец за издавање на сертификат за завршена програма за стручно и професионално усовршување за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка.

19. Одлука за усвојување на Правилник за мобилност на млади истражувачи на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
20. Одлука за усогласување на Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
21. Одлука за усвојување на Извештајот од првата надзорна оценувачка посета од TUV NORD–Бугарија за усогласеноста на Универзитетот со барањата од стандардот ИСО 9001:2008.
22. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на трет циклус студии на студиска програма Фармација, модул: Аналитика на лекови во рамките на Факултетот за медицински науки.

**На 108. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 16.4.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за месечен паричен надоместок за главен уредник на Универзитетот, согласно со Законот за издавачка дејност и Правилникот за издавање дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.
4. Одлука за усвојување на ценовници на лабораториите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип за услуги кои ги даваат на правни и физички лица и на вработените на Универзитетот.
5. Одлука за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ.
6. Одлука за проект за изработка на апликација за мониторирање во реално време на интегритет на дадотеки и директориуми за потребите на УГД.
7. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Универзитетот„Гоце Делчев“– Штип.
8. Одлука по Барање за учество на студенти од Универзитет „Гоце Делчев” – Штип на студентски спортски игри „Спорт фест 2015” во Истанбул, Р. Турција.
9. Одлука за формирање на комисија за вонреден попис на информатичката опрема на Универзитетот„Гоце Делчев“– Штип.
10. Одлука за продолжување на времетраењето на Договор бр.0203-117/1-43 од 14.4.2014 година за набавка-изградба на отворено спортско игралиште кај Спортската сала „Јордан Мијалков“ во Штип по спроведена постапка по објавен Оглас бр. 05/2014 за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
11. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавка за 2015 година.
12. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за

стекнување и распределба на средствата остварени врз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работици и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

13. Одлука за дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
14. Одлука за усвојување на Одлука за потврдување на Одлука бр. 2105-76/3 од 5.2.2015 година за започнување на реализација на проект „Центар за обука и стручно оспособување на кандидати за полагање на стручен испит за возачи и управители“ бр. 2102-207/7 од 3.4.2015 г., Одлука за давање поволности на пријавените кандидати во првата година од реализација на проектот Центар за обука и стручно оспособување за полагање на испит за автотакси возачи“ бр. 2102-207/6 од 3.4.2015 година и Одлука за потврдување на Одлука бр. 2105-76/5 од 5.2.2015 година за давање поволности на пријавените кандидати во првата година од реализација на проектот „Центар за обука и стручно оспособување за полагање на стручен испит за возачи и управители“ бр. 2102-207/5 од 3.4.2015 г.

**На 109. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 27.4.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за формирање на Комисија за верификација на мандатот на членовите на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Одлука за верификација на мандатот на членовите на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**На 110. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 18.5.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за формирање на изборна комисија за спроведување на постапката за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Одлука за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**На 111. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 16.6.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за избор на проф. д-р Јован Ананиев во звање редовен професор.
4. Одлука за избор на проф. д-р Соња Петровска во звање редовен професор.

5. Одлука за ангажирање на проф. д-р Кристин Витнбл како визитинг професор на Правниот факултет.
6. Одлука за ангажирање на проф. д-р Кирил Христовски како визитинг професор на Електротехнички факултет.
7. Одлука за усвојување на Предлог-план за медиумска застапеност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за 2015/2016 година.
8. Одлука за усвојување на записникот од вонреден попис на информатичката опрема на Универзитетот„Гоце Делчев“– Штип.
9. Одлука за Работно упатство за спроведување на електронското тестирање на платформата за е-учење на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
10. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и условите за користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
11. Одлука за усвојување на Правилник за работа и управување на Центарот за доживотно учење при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
12. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
13. Одлука за давање на согласност за одобрување на паричен надоместок за членство во асоцијацијата АЛТЕ.
14. Одлука за давање на согласност за определување на висината на паричен надоместок за членовите на Комисијата за проверка на знаењата на странските студенти од подготвителна настава за македонски јазик за странци – А1/А2 при Институтот за јазици.
15. Одлука за претплата за користење на EBSCO бази.
16. Одлука за давање на согласност за отворање жиро-сметка за плаќање на средства за котизација за учество на Меѓународна научна конференција по повод 20 години Педагошки факултет / Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
17. Одлука за признавање на испити на втор циклус за студенти кои дипломирале на Правосудна насока на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
18. Одлука за дополнување на Одлуката бр.0901-1315/11 од 1.12.2014 година за усвојување на План за заштита и спасување од природни катастрофи и други несреќи на објектите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
19. Одлука за усвојување на извештај од работна група за релокација на антенски систем на „УГД ФМ“.
20. Одлука за распишување на Конкурс за прием на кандидати за специјализација.
21. Одлука за одобрување на користење на инвентар од Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во Единицата за интензивно лекување и Одделот за анестезија и реанимација на Клиничка болница во Штип.

22. Одлука за дополнување на Одлуката бр.0201-510/5 од 16.4.2015 година за усвојување на ценовници на лабораториите на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип за услуги кои ги даваат на правни и физички лица и на вработените на Универзитетот.
23. Одлука за ангажирање на проф. д-р Адриано Дуати како визитинг професор на Факултет за медицински науки.
24. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавка за 2015 година.
25. Одлука за дополнување на Одлуката за висина на надоместоците што ги плаќаат студентите за образование и административните услуги на Универзитетот за прв, втор и трет циклус студии.

**На 112. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 6.7.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за ангажирање на проф. д-р Петер Рау како визитинг професор на Филолошки факултет.
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Хусејин Озбај како визитинг професор на Филолошки факултет.
5. Одлука за ангажирање на проф. д-р Арбен Аслани како визитинг професор на Економски факултет.
6. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија и утврдување на надомест за членовите на комисијата, за работната група за успешно реализирање на уписите на Универзитетот и за соработниците од единиците на Универзитетот кои се задолжени за примање на документи и внесување на податоци за пријавените кандидати за студиската 2015/2016 година.
7. Одлука за давање на зајмувања помеѓу сметката на сопствени приходи од прв и втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
8. Одлука за пренос на средства од една на друга сметка од групата на сметки на сопствени приходи - приходи од самофинансирачки активности Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
9. Одлука за усвојување на Правилник за работа на Фондот за стипендирање на студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
10. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавка за 2015 година.
11. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Фармацевтски науки на трет циклус студии во рамките на Факултетот за медицински науки.
12. Одлука за усвојување на англиска верзија на документите за студирање на студентите од прв, втор и трет циклус на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
13. Одлука за зачленување на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во Европската асоцијација

на факултети по фармација, European Association of Faculties of Pharmacy (EAFP).
14. Одлука за дополнителна исплата на пензионираните професори ангажирани како стручњаци од пракса на Факултетот за медицински науки во летен семестар од учебната 2014/2015 година.
15. Одлука за обезбедување на сместување и превоз на учесници за Втората меѓународна научна конференција во рамките на Правниот факултет.
16. Одлука за донација на парични средства за издавање на монографија под наслов „Сеќавање на Стела Слејанска Стојаноска".

**На 113. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 15.9.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за формирање на изборна комисија за спроведување на постапката за избор на проректори на Универзитетот.
2. Одлука за избор на проректори на Универзитетот.
3. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Технолошко-технички факултет.
4. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Машински факултет.
5. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Правен факултет.
6. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Економски факултет.
7. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Земјоделски факултет.
8. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Факултет за медицински науки.
9. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Факултет за образовни науки.
10. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Факултет за туризам и бизнис логистика.
11. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Факултет за природни и технички науки.
12. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Факултет за информатика.
13. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Ликовна академија.
14. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Музичка академија.
15. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Електротехничкиот факултет.
16. Одлука за потврдување на Одлуката од ректорот на Универзитетот за избор на декан на Филолошкиот факултет.
17. Одлука за склучување на менаџерски договор со ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**На 114. седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 25.9.2015 година, беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за верификација на мандат на член во Универзитетскиот сенат, претставник од Економскиот факултет.
2. Одлука за верификација на мандат на член во Универзитетскиот сенат, претставник од Факултетот за туризам и бизнис логистика.
3. Одлука за усвојување на Предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.
4. Одлука за избор на проф. д-р Елизабета Зисовска во звање редовен професор.
5. Одлука за ангажирање на визитинг професор.
6. Одлука за формирање, состав и надлежности на комисиите на Ректорската управа.
7. Одлука за усвојување на Елаборат за трет циклус студии на студиска програма по општа медицина - Базични и клинички истражувања во медицината во рамките на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
8. Одлука за давање на согласност за придружно членство на други единици кон Универзитетот.
9. Одлука за изменување и дополнување на одлуките за определување на додаток во плата на лица кои извршуваат одредени одговорни и раководни функции на Универзитетот.
10. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година.
11. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година.
12. Одлука за давање на согласност на Извештај за финална реализација бр.3302-110/1 од 7.7.2015 година.
13. Одлука за усвојување на Барање за посета на Agile SCRUM Master обука и EXIN Agile SCRUM сертификација и придружување на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип за придружна членка на МАСИТ.
14. Одлука за покривање на трошоци за конференција на тема „Миграција на море: перспективи на меѓународното право и регионални пристапи“.
15. Одлука за давање на согласност на Договор за донација во опрема и инструменти со примена во нуклеарната медицина и радиофармацијата на Факултетот за медицински науки.
16. Одлука за давање согласност на Договор за приклучување на дистрибутивна мрежа преку стандарден приклучок со одобрена максимална едновремена моќност на приклучокот над 40 kw.
17. Одлука за давање согласност за хотелско сместување на професори од Стара Загора, Р. Бугарија.
18. Одлука за одобрување на превоз на професори и асистенти од Музичката академија поради настап на Конференција ICT Inovations 2015 – Охрид.
19. Одлука за дополнување на Одлуката за одобрена висина на средствата за користење на службени мобилни телефони.

20. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во врска со одржувањето на Научниот симпозиум „Естетски концепти за функционална оклузална рехбилитација“.
21. Одлука за распределба на надоместоците врз основа на авторски хонорари и договори за дело од сметката за апликативна дејност.

## VI. КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОРОТ ЗА НАУКА

Извештајот за работата на Кабинетот на проректорот за наука за 2015 година содржи активности реализирани согласно со надлежноста на проректорот за наука и работите и работните задачи на вработените кои биле планирани и дополнителни активности кои произлегоа од актуелните прашања и случувања.

Планираните активности за работа за 2015 год. се реализирани во целост.

Во текот на 2015 година се реализирани и дополнителни активности, согласно со потребите на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2015 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2015 година, Кабинетот на проректорот за наука работеше со еден проректор за наука, еден секретар за правни прашања и студентски прашања за втор и трет циклус студии, каде што се вработени двајца референти за втор циклус студии, еден референт волонтер и еден раководител кој воедно е раководител и на студентски прашања и на прв циклус студии, еден референт за трет циклус студии и едно одговорно лице за водење на специјализациите на ФМН.

Во учебната 2014/2015 година се реализирани многубројни активности поврзани со вториот и трет циклус студии.

Процесирани се:

1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии.
2. Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови.
3. Промоција на магистрирани студенти.
4. Реализирање на Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии за учебната 2015/2016 година.
5. Реализирање на Конкурс за запишување на кандидати на специјализации за здравствени работници за учебната 2015/2016 година.
6. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии.
7. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите-докторанди.

8. Постапки за одбрана на докторски труд.
9. Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4.
10. Конурс за запишување на студенти на трет циклус студии - докторски студии за учебната 2015/2016 година.
11. Промоција на доктори на науки.
12. Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот.
13. Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот.
14. Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот, од надлежноста на Управниот одбор на Фондот за стипендирање на вработени на УГД.
15. Постапки за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти од Фондот за научноистражувачка работа при УГД.
16. Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор.
17. Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот, како и други тековни активности.
18. Постапки за акредитација на ментори на втор циклус студии.
19. Постапки за акредитација на ментори на трет циклус студии.

**1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии**

Службата за студенти за втор циклус студии ги опслужува сите единици на Универзитетот.

Референтите за студентски прашања и Кабинетот на проректорот за наука во календарската 2014 година има процесирано околу петстотини (500) различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

**2. Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Процесирањето на јавните одбрани на специјалстичките/магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка од референтите за втор циклус студии и секретарите на единиците. Во текот на 2015 година процесирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на сите единици на Универзитетот.

**3. Промоција на магистрираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот беше организирана и процесирана постапка за промоција на магистрираните/специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии. Промоциите и свеченото доделување на дипломите на магистрираните студенти се одвиваше на единиците.

**4. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2015/2016 година**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и го реализира Конкурсот за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2015/2016 година.

Конкурсот беше распишан за сите четиринаесет единици на Универзитетот за повеќе од педесет студиски програми и модули.

**5. Реализирање на Конкурс за запишување на кандидати на специјализации за здравствени работници за учебната 2015/2016 година**

Во текот на оваа година Универзитетот објави и го реализира Конкурсот за пријавување на кандидати за запишување/одобрување на специјализација и супспецијализација на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование за 2015 година.

Конкурсот беше распишан за вработени здравствени работници во јавни здравствени установи и тоа во следниве области:

| **Област на специјализација** | **Број на запишани специјализанти** |
|---|---|
| Акушерство и гинекологија | 5 |
| Анестезиологија со интензивно лекување | / |
| Епидемиологија | 2 |
| Инфектологија | / |
| Интерна медицина | 2 |
| Кардиологија | 1 |
| Кардиохирургија | / |
| Медицинска биохемија | 3 |
| Спортска медицина | 2 |
| Неврологија | 3 |
| Општа хирургија | 1 |
| Ортопедија | / |
| Психијатрија | 1 |
| Радиологија | 2 |
| Урологија | / |
| Медицинска микробиологија со паразитологија | / |
| Ургентна медицина | / |

како и за вработени здравствени работници во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за следниве области:

| **Област на специјализација** | **Број на запишани специјализанти** |
|---|---|
| Акушерство и гинекологија | 3 |
| Анестезиологија со интензивно лекување | 1 |
| Епидемиологија | / |

| | |
|---|---|
| Инфектологија | / |
| Интерна медицина | 1 |
| Кардиологија | 2 |
| Кардиохирургија | 2 |
| Спортска медицина | / |
| Ортопедија | 1 |
| Неврологија | 2 |
| Општа хирургија | 1 |
| Медицинска микробиологија со паразитологија | / |
| Медицинска биохемија | 1 |
| Фармацевтска технологија | 6 |
| Аптекарска практика | / |
| Аналитика на лекови | 1 |
| Токсиколошка хемија | 1 |
| Детска и превентивна стоматологија | 2 |
| Орална хирургија | 2 |
| Ортодонција | 2 |
| Стоматолошка протетика | 2 |
| Ендодонција и реставративна стоматологија | 2 |
| Пародонтологија | 2 |
| Орална медицина | 2 |
| Патолошка анатомија | 1 |

6. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии**

Во текот на извештајната година процесирани се сите молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии.

Студии на трет циклус во учебната 2014/2015 година се реализираат на Кампус 2. Во календарската 2015 година се процесирани сите поднесени различни барања и молби од студенти на трет циклус студии.

7. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите-докторанди**

Во календарската 2015 година се процесирани сите поднесени барања и молби од студентите-докторанди.

Студенти-докторанди (со пријава на докторат) има само на Факултетот за природни и технички науки.

8. **Постапка за одбрана на докторски труд**

Во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип е и Факултетот за природни и технички науки – факултет кој и претходно имаше постапки за одбрани на докторски дисертации. Во извештајната година беа процесирани одбраните на докторските дисертации на пријавените кандидати. Истите успешно ја извршија одбраната на докторските трудови и со позитивната оценка на комисиите за одбрана, по јавно спроведената одбрана се стекнаа

со звање доктори на технички науки. Исто така, беше процесирана одбраната на докторски труд на студент на трет циклус докторски студии на Земјоделскиот факултет, Кампус 2.

**9. Административна поддршка на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2, Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 и Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4**

Во согласност со надлежноста на овој орган во извештајната година се одржани седници на кои се донесени повеќе одлуки.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 2 ги донесе следните одлуки:

На 11. седница:

На м-р Александра Ило Стојанова од Штип со завршен втор циклус академски студии на УКИМ, Факултет за електротехника и инфорациски технолгии, магистер по електротехника и информациски технолгии, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2014/2015 година.

На м-р Иван Петре Ѓаковски од Скопје со завршен втор циклус академски студии на УКИМ, Машински факултет, магистер на технички науки од областа на машинството, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Машинство во учебната 2014/2015 година.

На м-р Игор Димче Ивановски од Скопје со завршен втор циклус академски студии на УКИМ; ФЗНХ, магистер од областа на земјоделски науки, група Агрохемија, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Наука за земјиштето и хидрологија во учебната 2014/2015 година.

На м-р Илија Лазо Лазаревски од Скопје со завршен втор циклус академски студии на Факултет за информатика, УГД, магистер по информатички науки-софтверско инженерство, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2014/2015 година.

На м-р Костадин Илија Рунчев од Скопје со завршен втор циклус академски студии на УГД, Факултет за информатика, магистер по информатички науки-информациони системи и технологии, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2014/2015 година.

На м-р Петров Киро Горан од Демир Капија со завршен втор циклус академски студии на УКЛО, ТФ, магистер по информатика, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2014/2015 година.

На м-р Ристе Михајло Тимовски од Штип со завршен втор циклус академски студии на Факултет за информатика, УГД, магистер по информатички науки-софтверско инженерство му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2014/2015 година.

На м-р Сања Ванчо Ристески од Штип со завршен втор циклус академски студии на Европски универзитет, Факултет за арт дизајн, магистер по моден дизајн, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Наука и технологија за текстил во учебната 2014/2015 година.

На м-р Сашко Симеон Милев од Штип со завршен втор циклус академски студии на УКИМ, Машински факултет, магистер на технички науки од областа на машинството, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Машинство во учебната 2014/2015 година.

На м-р Силвана Ѓорге Жежова од Штип со завршен втор циклус академски студии на УКИМ,Технолошко металрушки факултет, м-р на технички науки од областа  - менаџмент на конфекциски процеси, и се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Наука и технологија за текстил во учебната 2014/2015 година.

На м-р Весна Маркоска ѝ се одобрува запишување на трет циклус студии на студиските програми на Земјоделски факултет, со соодветен ментор.

На 12. седница се донесоа следните одлуки:

Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Ванчо Аџиски.

Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Далибор Серафимовски.

Одлука за формирање на Комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд на студентот м-р Наталија Маркова-Руждии.

Одлука за усвојување на Барање за промена на наслов на тема за изработка на докторски труд и формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии м-р Васко Златковски.

На 13. седница се донесе следната:

Предлог-одлука за утврдување на број на студенти за запишување на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за студиската 2015-2016 година.

На 14. седница се донесоа следниве одлуки:

Одлука за усвојување на Извештајот од Комисијата за оценка на докторската дисертација под наслов „Карактеризација на есенски форми јачмен (HORDEUM VULGARE L.) од различно географско потекло“ од

кандидатката м-р Наталија Маркова-Руждиќ и определување на датум за јавна одбрана.

Одлука за формирање на Комисија за подобност на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд за студентот на трет циклус студии за м-р Димитрија Ангелков.

На 15. седница се донесоа следниве одлуки:

Одлука за усвојување на Извештајот од Комисијата за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд со наслов „Современ пристап при планирање на системот за евакуација и спасување во случај на пожар во рудниците за подземна експлоатација“ за студентот на трет циклус студии м-р Ванчо Аџиски и определување на екстерен и интерен ментор.

Одлука за усвојување на Барање бр. 1003-94/1 од 5.3.2015 година за враќање на погрешно уплатени средства поднесени од студентот м-р Костадин Рунчев.

На 16. седница се донесени следниве одлуки:

Одлука за усвојување на Извештајот од Комисијата за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторски труд со наслов „Интернет базирано управување на системи“ за студентот на трет циклус студии м-р Димитрија Ангелков и определување на екстерен и интерен ментор.

Одлука во согласност со член 25, став 5 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, постапката за стекнување на научен степен доктор на науки на студентот на трет циклус студии м-р Васко Златковски, се запира.

На 17. седница се донесоа следниве одлуки:

На м-р Ивана Стојанова, магистер по компјутерски науки - софтверско инженерство ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Компјутерска техника и информатика во учебната 2015/2016 година.

Одлука за формирање Комисија за оценка и одбрана на докторскиот труд од студентот м-р Доне Стојанов.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 3 ги донесе следните одлуки:

На 1. седница се донесоа следниве одлуки:

Одлука за конституирање на Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 3.

На Александар Андреевски, доктор по стоматологија, Европски универзитет, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Стоматологија, модул: Базични клинички истражувања во денталната медицина во учебната 2015/2016 година.

На Дејан Балџиев, доктор по стоматологија, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце

Делчев“ во Штип, на студиската програма Стоматологија, модул: Базични клинички истражувања во денталната медицина во учебната 2015/2016 година.

На Јулија Заркова Атанасова, магистер по стоматолошки науки, дипл. доктор по стоматологија, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Стоматологија, модул: Базични клинички истражувања во денталната медицина во учебната 2015/2016 година.

На Емилија Горгијева, дипл. д-р по медицина, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Невронауки во учебната 2015/2016 година.

На Трпеноски Наумче, доктор на медицина, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

На Мишко Милев, магистер по биолошки науки, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки – Биомедицина, во учебната 2015/2016 година.

На Катерина Колевска, магистер по фармација, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

На Марија  Атанасова, магистер по фармација, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

На Маја Јанчовска, магистер по хемиски науки, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

На Лазар Шумановски, доктор на медицина, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

На Милена Волчева, магистер по молекуларна биологија, област генетика, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Медицински науки - Биомедицина во учебната 2015/2016 година.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 4 ги  донесе следните одлуки.

На 1. седница се донесоа следниве одлуки:

Одлука за конституирање на Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 4.

Предлог-одлука проф. д-р Јован Ананиев да биде избран за претседател на Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 4 за период од две години.

На 2. седница се донесе следнава:

Предлог-одлука за утврдување на број на студенти за запишување на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за студиската 2015-2016 година.

На 3. седница се донесоа следниве одлуки:

На Горан Митев, магистер по маркетинг менаџмент, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.

На Душко Тодевски, магистер на економски науки од областа на финансиски менаџмент, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.

На Огнен Алексоски, магистер на економски науки, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.

На Октај Готак, магистер на економски науки, МБА менаџмент, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.

На Орхан Дураки, магистер економски науки, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година.

На Анета Стојановска-Стефанова, магистер на политички науки, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Политички науки - политички системи во учебната 2015/2016 година.

На Васко Шутаров, магистер на правни науки, применета политика и дипломатија, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Политички науки - политички системи во учебната 2015/2016 година.

На Петар Поп-Арсов, магистер на правни науки, применета политика и дипломатија, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Политички науки - политички системи во учебната 2015/2016 година.

На Методи Чилиманов, магистер по археологија, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година.

На Билјана Николовска, магистер по туризам, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце

Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година.

На Владимир Китанов, магистер по еколошки и рурален туризам, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година.

На Горан Антониевски, магистер по еколошки и рурален туризам, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година.

На Зоран Николовски, магистер по туризам, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година.

**10. Конурс за запишување на студенти на трет циклус студии -докторски студии за учебната 2015-2016 година**

Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии за учебната 2015/2016 година е распишан за акредитирани студиски програми кои се реализираат на Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4.

Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус студии – докторски студии опфаќа дваесет студиски програми, а бројот на слободните места за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии е определен во согласност со бројот на слободни акредитирани ментори. Овој Конкурс е распишан врз основа на добиените решенија за акредитација на трет циклус студии.

**11. Промоција на доктори на науки**

Промоцијата на доктори на науки традиционално е извршена на патрониот ден на Универзитетот. Докторите на науки свечено се промовирани од страна на ректорот на Универзитетот.

**12. Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2015 година процесирани се постапки за избор на наставници и соработници на сите единици на Универзитетот, што се однесува на избор на соработници и наставници и наставници.

Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, разгледувани се сите досиеја формирани по распишани конкурси од аспект на правилна примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот на законско спроведување на постапките за избор на наставници и соработници и објавувањето на рРефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

**13. Изработка на предлог-акти за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности**

Во календарската 2015 година беа изработени и процесирани следниве предлог акти:

- Правилници за изменување и дополнување на правилниците на Универзитетот од различни области;
- Пријави за Конкурс запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2015-2016 година;
- Пријави за Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебата 2015-2016 година;
- Договори за студирање за студентите на втор циклус студии во 2015-2016 година;
- Договори за студирање за студентите на трет циклус-докторски студии во учебната 2015-2016 година;
- Учество во изработката на Студентските информатори за втор циклус студии;
- Усогласување на процедурите и обрасците во согласност со потребите за стандардизација на Универзитетот, како и други акти на Универзитетот.

**14. Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот**

Во оваа година, исто така, продолжи стратегијата за стипендирање на вработените соработници – докторанди на нашиот Универзитет или на друг универзитет во земјава и во странство. Процесирани се постапките за одобрување на стипендии за трет циклус – докторски студии.

**15. Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти**

Во согласност со Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2014 година се реализира Конкурс за распределба на парични средства за финансирање на научноистражувачки проекти.

**16. Постапки за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор**

Врз основа на одредбите од Правилникот за доделување на годишни награди на вработените за објавен научен или стручен труд во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во согласност со политиката на Универзитетот да се подигне нивото на научноистражувачката активност се доделуваат награди на вработените за објавен научен труд или стручен труд објавен во најпрестижни меѓународни списанија со импакт фактор. За сите објавени трудови кои ги исполнуваат условите од Правилникот, Универзитетот изврши исплата на предвидените награди.

**17. Постапките за одобрување на користење на флексибилно работно време за наставниците на Универзитетот**

Во рамките на другите активности спроведена е и постапката за обезбедување на податоци за конкретните активности за самоконтрола за реализацијата на педагошките активности на наставниците преку принципот на флексибилно работно време кое се евидентира преку електронскиот систем користење.

**18. Постапки за акредитација на ментори на втор циклус студии**

Иницирана е постапката за акредититрање на ментори за втор циклус студии со доставување на Барање за акредитирање на ментори за втор циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование.

**19. Постапки за акредитација на ментори на трет циклус студии**

Иницирана е постапката за акредититрање на ментори за трет циклус студии со доставување на Барање за акредитирање на ментори за трет циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Правејќи споредба на податоците за работењето во извештајната година и претходните години, може да се заклучи дека е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените во овој оддел.

Во процесот на имплементација на стандардите, согласно со Системот за менаџмент со квалитетот на Универзитет, вработените се придржуваа кон востановените процедури и ги користеа стандардизираните обрасци.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи.

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземени може да се заклучи дека успешно се завршени сите обврски, а задачите се исполнувани, квалитетно и навремено.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на вториот и третиот циклус студии.

# VII. АРХИВА НА СТУДЕНТСКИ ДОСИЕЈА
## ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ

Во почетокот на учебната 2014/2015 година, според Конкурсот за прв циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" бројот на студенти по факултети е следен:

| Универзитет „Гоце Делчев" - Штип | Број на студенти |
|---|---|
| Правен факултет - Кочани | 162 |
| Економски факултет - Штип | 250 |
| Факултет за општествени науки - Штип | 24 |
| Земјоделски факултет - Штип | 210 |
| Музичка академија - Штип | 50 |
| Факултет за информатика - Штип | 144 |
| Факултет за природни и технички науки - Штип | 254 |
| Филолошки факултет - Штип | 143 |
| Факултет за медицински науки - Штип | 557 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија | 841 |
| Електротехнички факултет - Радовиш | 81 |
| Машински факултет - Виница | 92 |
| Технолошко-технички факултет - Пробиштип | 109 |
| Филмска академија | 15 |
| Ликовна академија | 16 |
| Вкупно: | 2.948 |

Уписите за учебната 2015/2016 година се одржаа според следниов редослед:

- Прв уписен рок 13-15.8.2015 г.
- Втор уписен рок 17-29.8.2015 г.
- Трет уписен рок 11.9.2015 г.

По завршувањето на уписите, бројот на примени студенти во прва година е следен:

| **Факултет** | **Број на запишани студенти по Конкурс во 2015/2016 година** |
|---|---|
| Економски факултет | 204 |
| Факултет за медицински науки | 530 |
| Факултет за општествени науки | 45 |
| Правен факултет | 152 |
| Факултет за информатика | 125 |
| Факултет за природни и технички науки | 194 |

| | |
|---|---|
| Земјоделски факултет | 160 |
| Музичка академија | 53 |
| Филолошки факултет | 136 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 580 |
| Електротехнички факултет | 51 |
| Машински факултет | 56 |
| Технолошко-технички факултет | 67 |
| Филмска академија | 18 |
| Ликовна академија | 10 |
| **Вкупно:** | **2.381** |

Бројот на дипломирани студенти за 2015 година е:
Факултет за туризам и бизнис логистика - 110
Факултет за општествени науки - 34
Факултет за медицински науки - 242
Факултет за информатика - 81
Земјоделски факултет - 92
Правен факултет - 120
Машински факултет - 13
Факултет за природни и технички науки - 117
Музичка академија - 20
Економски факултет - 139
Технолошко-технички факултет - 17
Филолошки факултет - 83
Електротехнички факултет - 39

Вкупно: 1.107

Заради поефикасно и поодговорно работење, референтите во Службата се определени како одговорни за факултет.

- Референт во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, е определен како одговорно лице за Факултет за образовни науки.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Економски факултет.
- Тројца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Факултет за медицински науки.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на

работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Музичка академија.
- Еден референт во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, е определен како одговорно лице за Факултет за информатика.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Факултет за природни и технички науки.
- Тројца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Технолошко-технички факултет.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Машински факултет.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Електротехнички факултет.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Филолошки факултет.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Земјоделски факултет.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Факултет за туризам и бизнис логистика.
- Двајца референти во Службата за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, се определени како одговорни лица за Факултет за природни и технички науки.

Во текот на годината се одржаа две свечени доделувања на дипломи на студентите на прв циклус студии (март и декември).

Во текот на 2015 година се одржаа четири редовни сесии (декемвриска, февруарска, јунска, септемвриска), една дополнителна октомвриска и една дополнителна мартовска сесија, согласно со Календарот за студентски активности.

Студентите беа услужени согласно со работните задачи на референтите пропишани во Правилникот за работа.

**ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ**

Планираните активности за работа за 2015 год. се реализирани во целост.

Во текот на 2015 година се реализирани и дополнителни активности, согласно со потребите на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2015 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2015 година, Кабинетот на проректорот за наука работеше со еден проректор за наука, еден секретар за правни прашања и студентски прашања за втор и трет циклус студии, каде што се вработени тројца референти и еден раководител, кој воедно е раководител и на студентски прашања на прв циклус студии.

Процесирањето на јавните одбрани на специјалистичките/магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка на комисиите за одбрана од страна на секретарите на единиците или секретарот за правни прашања во Кабинетот на проректорот за наука. Во текот на 2015 година процесирани се одбрани на магистерски/специјалистички трудови на тринаесет единици на Универзитетот.

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот беше организирана и процесирана постапка за промоција на магистрираните/специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии.

Конкурсот за учебната 2015/2016 г. е во тек.

**ТРЕТ ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

Во рамки на Одделот за студентски прашања за трет циклус студии работните должности ги извршува еден референт на студентски прашања за трет циклус студии.

Референтот во тековната 2015 год. ги извршуваше следниве активности:

- Целокупната работа во врска со упис и заверка на семестрите (во февруари, јуни и септември) на студентите на трет циклус студии и внесување на уплатените суми за партиципација во Excel табели.
- Ги вршеше работите во врска со пријавувањето на испити (делење на пријавите по предмети, изработка на извештаи за испитите и внесување на пријавите во досието на студентот по нивното враќање на студентски прашања од страна на професорите). Во текот на 2014 година се одржаа три редовни сесии за студентите на трет циклус

студии (февруарска, јунска и септемвриска) и две дополнителни (априлска и октомвриска).

- Останати административни работи, а особено: издавање потврди и уверенија по барање на студентите; процесирање на барањата од студентите до секретарот за правни работи во Кабинет на проректор за наука и до единиците на Универзитетот.
- Проверка на досиеја на студентите и изготвување извештаи од проверка за истите.
- Складирање на добиените одлуки од единиците во досиејата на студентите и доставување скенирана одлука по имејл до студентите.
- Внесување на студентите во Матична книга на запишани студенти и Главна книга на дипломирани студенти (во материјална и во електронска форма) за трет циклус студии.
- Референтот ги врши сите работи на трет циклус студии од конкурирањето до завршувањето на студиите (прием на документите по конкурс, запишување на студентот, формирање индекс и досие на студентот, ажурирање на досието на студентот во текот на студирањето и изготвување уверение за докториран студент).
- Активна комуникација со студентите и странките - директно преку шалтер, преку имејл и преку телефон.

Во продолжение следи табеларен преглед на бројот на активни студенти на трет циклус студии по единици во рамките на КАМПУС 2 на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, во календарската 2014/2015 година:

| | **Единица на Универзитетот** | **Број на активни студенти на трет циклус студии** |
|---|---|---|
| 1. | Земјоделски факултет | 10 |
| 2. | Факултет за природни и технички науки | 10 |
| 3. | Факултет за информатика | 11 |
| 4. | Техничко-технолошки факултет | 2 |
| 5. | Машински факултет | 2 |

По Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус студии во учебната 2014/2015 година, бројот на примени кандидати според конечната ранг-листа за трет циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип изнесува 11.

Во тек е запишување на примените кандидати на трет циклус студии за учебната 2015/2016 година. Заклучно со 16.10.2015 г. бројот на студенти кои конкурирале на трет циклус студии на Универзитетот изнесува 35.

## VIII. СУДСКИ ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

1. Тужител УГД, тужен Друштво за производство и преработка на млеко МЛЕКАРА ДОО увоз-извоз Штип, врска УПДР.бр.201/15 кај нотар Лидија Рибарева, за долг 4.720,00 денари, Решението е во постапка пред нотар.
2. Тужител УГД, тужен Основен суд Кочани, врска УПДР.бр.747/13 кај нотар Светлана Китановска од Кочани за долг 51.920,00 ден, Решението е извршно.
3. Тужител АГРОЕФОДИЈА ДООЕЛ Струмица, тужен УГД, за основ предвремено раскинување на Договор и исплата на надомест за деловен објект, предметот е пред Основен суд Струмица во постапка ТС-18-15.
4. Тужител Марио Параклиев од Штип, тужен УГД, за основ поништување на Одлука за откажување на Договор за вработување, предметот е во судска постапка РО 355/15.
5. Тужител УГД, тужен ДПТУ Д И П ДООЕЛ Неготино, основ долг 10.620,00 денари, предметот е во судска постапка МАЛВПЛ1-ТС-229/15.
6. Тужител УГД, тужен АЛВЕЈО ДООЕЛ Крива Паланка, основ долг 7.080,00 денари предметот е наплатен во целост.
7. Тужител УГД, тужен ЦВЕТАН ДИМОВ ДОО Скопје, за долг 7.080,00 денари, има извршно решение УПДР.бр.1931/15 и ќе се поднесе извршување.
8. Оштетен УГД по предметот К.бр.570/12 пред Основен суд Велес што се води против обвинетиот Димитар Петковски од Гевгелија, предметот е во постапка.
9. Тужител УГД тужен АГРО-МИЛЕНИУМ Пехчево, за долг 4.248,00 денари, предметот е во постапка кај нотар Татјана Миовска од Берово.
10. Тужител УГД тужен ЛОЗАРСТВО ДОО Таринци, вредност 26.432,00, предметот е во постапка кај нотар Лидија Рибарева од Штип.
11. Тужител УГД тужен ПРОФИ БАУ- ИНЖИНЕРИНГ експорт-импорт ДОО с.Черкези Куманово за долг 21.476,00 денари, поднесено е Барање за извршување против тужениот кај извршител Весна Кавракова од Куманово.
12. Тужител Крсте Шајноски од Скопје, тужен УГД за основ поништување на одлуки, предметот е во жалбена постапка пред Апелационен суд - Штип.
13. Тужител Крсте Шајноски од Скопје, тужен УГД за основ отказ на Договор за вработување, предметот е во прекин се чека исходот од постапката каде што се бара поништување на одлуки од тужителот Крсте Шајноски.
14. Тужител Александар Костадиновски од Долно Седларце, тужен УГД за основ поништување на одлуки, предметот е во жалбена постапка пред Апелационен суд - Штип.

15. Тужител Александар Костадиновски од Долно Седларце, тужен УГД за основ отказ на Договор за вработување, предметот е во прекин се чека исходот од постапката каде што се бара поништување на одлуки од тужителот Александар Костадиновски.
16. Тужител УГД тужен АГРО-ФАРМ ГРУП ДОО Карбинци, вредност 55.696,00, предметот е во постапка кај нотар Лидија Рибарева од Штип.
17. Тужител Зоран Брашнаров од Штип, тужен УГД, основ утврдување право на барател, вредност 601.000,00 денари предметот е завршен по ревизија на Врховен суд на РМ, ревизијата е одбиена.
18. Тужител УГД, тужен АГРОЕФОДИЈА ДООЕЛ Струмица, основ долг, вредност 3.357.572,00 денари, има приговор од тужениот, предметот е во судска постапка има рочиште закажано за ден 24.11.2015 година, предметот е даден на вештачење.

## IX. ОДДЕЛ ЗА КАРИЕРА И АЛУМНИ КЛУБ

### 1. Структура (раководител, вработени и ангажирани лица)

Одделот за кариера и алумни клуб во 2015 година функционираше во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1 | Проф. д- р Блажо Боев | Проректор за наука (до 1.9.2015 г.) |
| 1.1 | Проф. д-р Дејан Мираковски | Проректор за инвестиции и развој (од 20 септември 2015 г.) |
| 2. | Душан Миланов | Референт во Одделот за кариера и алумни клуб |
| 3. | Снежана Георгиева | Референт во Одделот за кариера и алумни клуб (од средина на април 2015 г.) |
| 4.* | Борјан Горѓиев | Референт во Одделот за кариера и алумни клуб (до почеток на април 2015 г.) |

### 2. Извештај за активностите на Одделот за кариера и алумни клуб

Во периодот од 1 ноември 2014 до 20 октомври 2015 година во рамките на Одделот за кариера и алумни клуб се реализираа голем број на активности, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Одделот за кариера и алумни клуб.

Секојдневните активности кои се извршувани во Одделот за кариера и алумни клуб во периодот од 1 ноември 2014 до 20 октомври 2015 година вклучуваат, но не се лимитирани на:

- Контакти и средби со организации/компании за организирање на практична настава на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“;
- Склучување на договори со организации/компании за реализирање на практична настава на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“;
- Подготовка на документи потребни за реализирање на практична настава на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“;
- Ажурирање на базата на податоци/електронска архива на склучените договори и студентите упатени на реализирање на практична настава.
- Решавање на проблеми на студенти во врска со документи и подготвување на истите за реализација на практична настава или барање работа;
- Прием, селектирање и обработка на документи;
- Популаризирање на студентската пракса и мотивирање на студентите за учество во истата;
- Канализиран и брз достап до информации и објави;
- Организирање на семинари и презентации на фирми;
- Професионално ориентирање и пракса на студентите;
- Актуализирање и ажурирање на информациите во базата на податоци како на веб-страницата, така и на интерната база на податоци;
- Информирање на дипломираните студенти за отворени конкурси, слободни работни места, како и други соопштенија во врска со нивната професионална реализација и развој на кариера;
- Обука на студенти за работа со CMS (Content Management Systems) и архивско работење со бази на податоци;
- Работа со библиотечен фонд на Одделот за кариера и алумни клуб со 10.477 изданија;
- Работа со студенти и консултирање на истите за користење на литература од библиотечниот фонд на Одделот за кариера и алумни клуб;
- Поддршка и комуникација со студенти и вработени од останатите наставни центри;
- Администрација на повици;
- Телефонска и електронска поддршка.

Одделот за кариера и алумни клуб ги евидентира сите активности.

Во период се реализирани и евидентирани следните активности на вработените во Одделот за кариера и алумни клуб:

– **Склучени договори со организации/компании: 769.**
– **Издадени документи за практична настава: 6.749.**
– **Примени и испратени пораки преку е-пошта: 1.740 (910/830).**
– **Архивирани документи: 7.518.**
– **Еразмус пракса во странство за 5 студенти.**
– **Истражување за дипломирани студенти и нивниот моментален работен статус – 1.616 (фиксен тел. -1 523; мобилен = 93).**
– **Издадени.**

*Табела 1. Реализирани документи/активности во периодот од 1.11.2014 до 20.10.2015 год.*

| | Период 1.11.2014 -20.10 2015 |
|---|---|
| **Склучени договори со организации/компании** | **769** |
| **Упатени студенти на реализирање на практична настава** | **6.749** |
| **Вкупно реализирани документи:** | **7.518** |

Во табела 2 е даден преглед на бројот и називот на единици на Универзитетот чии студенти реализирале пракса како дел од образовниот и наставниот процес, од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“:

*Табела 2.*Број и назив на единици на Универзитетот чии студенти реализирале пракса*

| | Назив на институцијата | Број на студенти |
|---|---|---|
| 1 | Музичка академија | 18 |
| 2 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 1.620 |
| 3 | Факултет за образовни науки | 280 |
| 4 | Факултет за медицински науки | 1.669 |
| 5 | Земјоделски факултет | 411 |
| 6 | Електротехнички факултет | 95 |
| 7 | Технолошко-технички факултет | 141 |
| 8 | Факултет за природни и технички науки | 158 |
| 9 | Економски факултет | 581 |
| 10 | Филолошки факултет | 1.054 |
| 11 | Правен факултет | 265 |
| 12 | Факултет за информатика | 310 |
| 13 | Машински факултет | 106 |
| 14 | Ликовна академија | 28 |
| 15 | Филмска академија | 12 |

**Заклучок**

Одделот за кариера и алумни клуб во 2015 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности со што придонесува за долгорочни ефекти во делот на поддршка и спроведување на образовните и наставните процеси.

Соработката со организациите/компаниите редовно се следи и надградува и се одржува постојана комуникација со истите, а се во интерес на непречено успешно спроведување практичната настава и промоција на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“. Притоа на студентите им се овозможува континуирана поддршка за кариерен развој, а покрај тоа се организираат и обуки во зависност од потребите. Од податоците во извештајот можеме да заклучиме дека бројот на склучени договори

и реализирана пракса на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ постојано се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на склучени соработки со организации/компании каде што истите ја реализираат практичната настава.

Како позначајни нови активности планирани за 2015 година се издвојуваат истражувањето на веќе дипломираните студенти и нивниот моментален работен статус, Еразмус пракса во странство за студенти, како и организирање на неколку обуки со кои би се помогнало на студентите за развој на соодветни вештини кои би помогнале во нивниот понатамошен кариерен развој.

Исто така, значајно е да се истакне дека Одделот за кариера и алумни клуб, воедно, дава поддршка и помош на останати единици на Универзитетот за реализирање на истражувања во доменот и областа која е покрива истиот.

## X. ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
### Вовед

Центарот за односи со јавноста (ЦОЈ), како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, е формиран со донесувањето на Одлука на Собранието на Република Македонија за давање согласност на Статутот на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип на седницата одржана на 27 април 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008 и 103/2008).

Пред формирањето на Центарот, функционираше Канцеларија за односи со јавноста со Оддел за издавачка дејност, во чијшто состав беше пододделот за уредување на веб-страницата на Универзитетот. Овде работеа четири лица, кои беа задолжени со низа активности за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Канцеларијата воспоставуваше комуникации со пошироката јавност во земјава и со одделни субјекти поврзани со Универзитетот во странство. Канцеларијата за односи со јавноста редовно ја информираше јавноста и осмислено ги презентираше информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Канцеларијата организираше: прес-конференции, трибини, свечености, доделување на признанија, патронен ден на Универзитетот, почеток на нова студиска година, доделување на дипломи и други активности за промоција на Универзитетот.

Од септември 2007 година до крајот на ноември 2007 година Одделот за издавачка дејност беше сместен во просториите на поранешниот Работнички универзитет (денес Факултет за општествени науки).

Од декември 2007 година до септември 2009 година Одделот работеше во просториите на Ректоратот на Универзитетот (ул. „Крсте Мисирков“ бб - Штип).

Од почетокот на октомври 2009 година Одделот е дислоциран во Кампус 1, односно на пр−виот кат од новите, модерно просторно и технички уредени простории на Центарот за односи со јавноста (ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бб - Штип).

Во периодот од септември 2008 година започна изградбата на Центарот за односи со јавноста, кој е со површина од 332 м$^2$. Одделот за издавачка дејност е со површина од 98 м$^2$, Одделот за радио и ТВ заедно со Одделот за реклама и пропаганда (Оддел за маркетинг и протокол) се на површина од 205 м$^2$. Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип активно и постојано учествува и придонесува за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Центарот активно учествува во работата на органите, работните тела на Универзитетот и на единиците.

Центарот реализира акти, одлуки и задачи на органите на Универзитетот и на единиците и го почитува дигнитетот и достојно ги употребува името и обележјата на Универзитетот.

Во јуни 2011 година, според новата систематизација на Универзитетот „Гоце Делчев“, беа донесени неколку промени во структурата на одделите кои функционираат во Центарот за односи со јавноста. Според новата систематизација, Одделот за радио и ТВ се состои од Одделение за техника и Одделение за редакција. Промени беа донесени и во Одделот за реклама и пропаганда, кој се реименуваше во Оддел за маркетинг и протокол и се состои од две одделенија – Одделение за маркетинг и Одделение за протокол.

**Структура**

**Раководител**

Според Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот („Универзитетски гласник“ бр.10, јули 2009 г.), од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Саша Митрев во јули 2009 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен доц. д-р Кирил Барбареев. Во јуни 2012 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначена Марија Манева. Во јуни 2014 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен Славе Димитров.

**Вработени**

1. Славе Димитров
раководител и референт во Оддел за издавачка дејност
2. Благој Михов
референт во Оддел за издавачка дејност
3. Сања Гацов
референт во Оддел за издавачка дејност
4. Кристина Богатинова
веб-администратор
5. Игор Ампов
веб-администратор
6. Даница Гавриловска-Атанасовска
лектор по македонски јазик
7. Павлинка Митева-Павлова
лектор по англиски јазик
8. М-р Игор Стојанов
главен и одговорен уредник на редакција во Оддел за радио и ТВ
9. Тони Михаилов
новинар во Оддел за радио и ТВ
10. Влатко Миленкоски
главен и одговорен технички уредник во Оддел за радио и ТВ
11. Александар Максимов
референт во Оддел за ТВ
12. Марија Манева
референт во Оддел за маркетинг и протокол

**Оддели во состав на Центарот**

Во состав на Центарот за односи со јавноста се три оддели:

- Оддел за издавачка дејност;
- Оддел за маркетинг и протокол;
- Оддел за радио и ТВ.

**Оддел за издавачка дејност**

Универзитетот „Гоце Делчев“ својата издавачка дејност ја остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, преводи на странски изданија, информативен и пропаганден материјал, брошури, летоци и друга литература.

Одделот за издавачка дејност придонесува за развој на наставните, научните и другите дејности на Универзитетот, но и го поттикнува творештвото на Универзитетот. Одделот за издавачка дејност својата дејност ја остварува преку издавање на универзитетски гласник, универзитетски билтен, универзитетски весник, учебници и учебни помагала на наставниците и соработниците на Универзитетот, како и монографии на наставниците и соработниците, студии, списанија, годишници, зборници на трудови на членките на Универзитетот, преводи на странски изданија, службени и периодични публикации на Универзитетот, информативен и пропаганден материјал, брошури и сл., како печатени изданија, но и како електронски изданија објавени на веб-страницата на Универзитетот. Во Одделот за издавачка дејност ефикасно и квалитетно се спроведува Издавачкиот план на Универзитетот.

Во периодот од ноември 2014 година до октомври 2015 година во Одделот за издавачка дејност се реализирани следниве изданија:

**Универзитетски билтен** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат рефератите, односно извештаите на рецензентските комисии за избор на наставно-научни, научни, насловни, наставни и соработнички звања, рецензиите на докторските дисертации и рецензиите на ракописите за учебници во високото образование на Универзитет „Гоце Делчев“:

- Универзитетски билтен бр.136 – 14 ноември 2014 г.
- Универзитетски билтен бр.137 – 1 декември 2014 г.
- Универзитетски билтен бр.138 – 15 декември 2014 г.
- Универзитетски билтен бр.139 – 2 јануари 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.140 – 2 февруари 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.141 – 16 февруари 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.142 – 2 март 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.143 – 16 март 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.144 – 1 април 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.145 – 15 април 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.146 – 4 мај 2015 г.

- Универзитетски билтен бр.147 – 15 мај 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.148 – 1 јуни 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.149 – 15 јуни 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.150 – 1 јули 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.151 – 15 јули 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.152 – 15 август 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.153 – 1 септември 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.154 – 15 септември 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.155 – 1 октомври 2015 г.
- Универзитетски билтен бр.156 – 15 октомври 2015 г.
- Универзитетски билтен бр 157 – 2 ноември 2015 г.

**Универзитетски гласник** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат одлуки, правилници, систематизации на работни места, Статут на Универзитет, упатства, планови итн., донесени на Ректорска управа или Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“.

**Универзитетски гласник**
- Универзитетски гласник бр. 32 – 15 ноември 2014 г.
- Универзитетски гласник бр. 33 – 1 јуни 2015 г.
- Универзитетски гласник бр. 34 – 1 октомври 2015 г.

**Универзитетски весник**
- Универзитетски весник бр. 33 – јануари 2015 г.
- Универзитетски весник бр. 34 – март 2015 г.
- Универзитетски весник бр. 35 – април-мај 2015 г.
- Универзитетски весник бр. 36 – јуни 2015 г.

**Каталог на изданијата 2015 г.** кој ги содржи сите изданија што биле издадени во текот на 2014 година, а вклучува: зборници, учебни помагала, универзитетски весник, списанија.

**Зборници**
- Годишен зборник на Филолошки факултет ;
- Годишен зборник на Економски факултет;
- Годишен зборник на Факултетот за информатика;
- Годишен зборник на Факултет за природни и течнички науки;
- Годишен зборник на Правен факултет;
- Годишен зборник на Факултет за образовни науки.

Во текот на академската 2014/2015 година, Одделот за издавачка дејност ги реализираше следниве активности по месеци:

**Ноември 2014 година**
- Реализирани секојдневни и тековни активности. Поставување на вести за веб на дневно ниво.
- Креирање на бекап на веб-страницата.
- Ажурирање на англиската верзија, дел за вести .

- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Преработка на веб-страницата на Центар за меѓууниверзитетска соработка.
- Преработка на веб-страницата на ИТ центар.
- Преработка на страницата на Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Декември 2014 година**

- Одржана I (прва) седница на Совет за информатичко - технолошки развој.
- Реализирање на работни задачи дефинирани на седницата.
- Реализирани секојдневни и тековни активности. Поставување на вести за веб на дневно ниво..
- Отстранување на фајлови од веб-страница поради ризик за нарушување на сигурноста.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Внесување на податоци и изработка на распоред во програмата MIMOSA.
- Креирање на бекап на веб-страницата.
- Ажурирање на англиската верзија на веб-страницата.
- Проекција за понатамошен развој на веб-страниците на Универзитетот. Креирање на документ за стратегија.
- Обработка на фотографии и инсталација на програми од Адобе студиото.
- Изработка на нова веб-страница за Лабораторијата за минерална технологија.
- Анализирање на нови изгледи и екстензии за веб-страницата.
- Одржана II (втора) седница на Совет за информатичко - технолошки развој.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Јануари 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности. Поставување на вести за веб на дневно ниво.
- Подготовка во писмена форма проекција за развој и надградба на веб порталот на УГД, колкав буџет е потребен, човечки ресурси и за наредните 3 до 5 години.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Ажурирање на официјалната веб-страница и на веб-страниците на факултетите.
- Обработка на фотографии и прибирање на фотографии за потребите на веб-страниците.
- Внесување на податоци и изработка на распоред за цел Универзитет во програмата MIMOSA.
- Одржана III (трета) седница на Совет за информатичко - технолошки развој.

**Февруари 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Изработка и корекции на распоредот на УГД во програмата MIMOSA.
- Креирање на бекап на веб-страницата. Заштита на информациите на веб-страниците.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Март 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Изработка на веб страна за пренасочување на посетителите кон нов интерен дел.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Ажурирање на веб-страница и обработка на фотографии.
- Корекции на распоредот на УГД.
- Заштита на веб-страницата.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Април 2015 година**

- Одржана IV (четврта) седница на Совет за информатичко - технолошки развој.
- Креирање на план за миграција на веб страницата и предлог за изглед на новиот веб сајт .
- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Креирање на тест веб страна со податоци од веб страницата на УГД која ќе користи како припрема за миграција.
- Заштита на главната веб-страница.
- Изготвување на ДВД со податоци од веб-страницата на УГД.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Мај 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Истражување на темплејти за нова веб страница.
- Тестирање на темплејти.
- Обработка на фотографии.
- Проверка и креирање на фајлови за заштита.
- Заштита на веб-страницата.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Јуни 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Истражување на темплејти за нова веб-страница.
- Тестирање на темплејти.
- Обработка на фотографии.
- Проверка и креирање на фајлови за заштита.

- Заштита на веб-страницата.
- Посета на Adobe Creative Cloud Event
- Инсталирање на локален виртуелен сервер и креирање на тест верзија на веб-страницата. Креирање на презентација за новиот веб сајт.
- Одржана V седница седница на Совет за информатичко - технолошки развој.
- Реализирање на работни задачи дефинирани на седницата.
- Ажурирање на информациите на порталот http://www.4icu.org/reviews/10512.htm
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Јули/Август 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Проверка на студиските програми според ексел документи од е-индекс.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Проверка и креирање на фајлови за заштита.
- Заштита на веб-страницата.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Август 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Тестирање на можностите на новите темплејти за веб-страницата.
- Зголемување на веб-видливоста на порталите на Универзитетот.
- Проверка и креирање на фајлови за заштита.
- Заштита на веб-страницата.
- Подготовка за изработка на распоредот за непарен семестар на УГД.
- Изработка на веб-страница за Теренска лабораторија за животна и работна средина и електронска микроскопија.
- Состанок со проректор за инвестиции. Претплата на сајт за набавка на нов темплејт за изработка на нова веб-страницата на УГД.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Септември 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Креирање на е-распоред. Корекции на распоред за цел УГД.
- Проверка и креирање на фајлови за заштита. Заштита на веб-страница.
- Инсталација на нова веб апликација и подесување на новиот веб сајт.
- Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Октомври 2015 година**

- Реализирани секојдневни и тековни активности.
- Корекции на распоред за цел УГД.
- Проверка и креирање на фајлови за заштита.
- Заштита на веб-страница.
- Корекции во распоред за цел УГД.

– Изработка на сајтот UGD life.
– Подготовка на новата веб-страница за УГД (ugd.edu.mk).
– Ажурирање на податоци за е-библотека на УГД.

**Оддел за радио и ТВ**

Одделот за радио и ТВ е единица којашто претставува информатор за сите активности кои се одржуваат на Универзитетот „Гоце Делчев“. Одделот за радио и ТВ придонесува во подобро информирање на студентите и на останатата јавност за активностите на Универзитетот, а воедно претставува место каде што студентите на новинарство и односи со јавноста ја вршат својата пракса. Во овој Оддел се продуцира независна и самостојна радио и ТВ програма која преку радиофреквенција се емитува на ниво на цела Општина Штип, а преку интерната ТВ мрежа се емитува низ сите објекти каде што гравитираат студенти и наставници на УГД.

Универзитетското радио „УГД ФМ“, како дел од Одделот за радио и ТВ, емитува 24-часовна програма што се однесува на студентите и младите луѓе во градот, програма која го засега работењето на Универзитетот и студирањето на сите студенти. Студентите континуирано се информираат за настаните и за активностите на УГД, а воедно студентското радио и интерната телевизија имаат и едукативна и забавна компонента.

Преку продукција на едукативни и забавни програми овие два медиума претставуваат неформално надополнување на едукацијата на студентите и останатите консументи. Воедно, овие два медиума континуирано даваат поддршка преку преноси во живо, гостувања и продукција на емисии на сите настани кои се организираат од страна на Универзитетот. Одделот за радио и ТВ, исто така, им дава поддршка на сите млади луѓе и студенти кои сакаат креативно да се изразат или нивниот глас да се слушне подалеку во јавноста. И двата медиума постојано соработуваат со многу млади луѓе кои активно се вклучени во креирањето на програмата.

Одделот за радио и ТВ изминатава година работеше според претходно утврдениот план и програма, и според систематизацијата на Универзитет „Гоце Делчев“. Во својата работа, овој Оддел вклучува подготовка на радио и ТВ содржини, следење и промовирање на активностите на Универзитетот и придружните членки и нивно афирмирање. Одделот за радио и ТВ е вклучен во продукција на рекламни и промотивни спотови за Универзитетот, центрите, факултетите и УНИ-сервис.

Во редовните активности овој оддел вклучува емитување на 24-часовна програма на радио и изготвување на видеоматеријали за универзитетската телевизија.

Во работата на овој Оддел влегува и подготвувањето на содржини за Универзитетски весник и комплетно негово уредување. Се подготвуваат содржини за веб-страницата на Универзитетот, на Универзитетското радио и на факултетите. Редовно се обновуваат и додаваат нови содржини.

Одделот за радио и ТВ со своите човечки ресурси ги следи настаните кои се одржуваат на Универзитетот, но и оние во градот и државата.

Настаните се проследени преку фотографирање и аудио и видео снимање.

Во изминатиов период Одделот учествуваше во низа проекти кои се организираа на УГД а беше иницијатор на бројни активности и проекти кои имаа за цел да го афирмираат Универзитетот и да ги анимираат студентите на бројни активности.

Секојдневно се ажурираат социјалните мрежи преку одделот за радио и ТВ се одговара на прашања на Фејсбук и Твитер кои студентите ги поставуваат и се промовира УГД и „УГД ФМ“.

**Во изминатата година Одделот за радио и ТВ ги реализира во просек следните активности:**

1. На веб-страницата се објавуваат во просек **– околу 2,3 вести дневно.**
2. На програмата на УГД ФМ се реализираат во просек околу **150 гостувања годишно**.
инфраструктура. Планирање и зголемување на редундантноста на патеките и поврзувањето.

- Обезбедување на стабилен интернет сервис, телефонија, електронска пошта, сервис за текстуална комуникација и видеоконференција.
- Обезбедување конзистенција на автентикациски и авторизациски мрежни сервиси.

**Мобилност**

- Зголемување на обемот и можностите за употреба на преносните уреди на универзитетската безжична инфраструктура. Креирање на сигурна околина и овозможување на соодветни софтверски алатки за нивна употреба.
- Континуирано обезбедување на сигурност и функционирање на универзитетските преносни уреди.

**Инфраструктура**

- Континуирана миграција и консолидација на серверски оперативни системи на приватен клауд систем во насока за намалување на потрошувачката на енергија и намалување на трошоците. Интеграција на нови технологии кои ќе бидат во функција на користење на заедницата на Универзитетот.
- Имплементација на виртуелна десктоп инфраструктура (VDI).
- Комбинирање на дата центар и VDI решенијата за обезбедување на континуитет и редундантност на ИТ сервисите.
- Континуирана надградба и подобрување на перформансите на инфраструктурата за настава и истражување.

**Поддршка**

- Зголемување на опциите за поддршка и помош на вработените преку проширување на интерактивни алатки за сервис и самоопслужување.

Долгорочна стратегија

Пристап и мобилност

- Зголемување на брзината и пропусната моќ на безжичната мрежа и прилагодување на брзините на современите преносни уреди.
- Едуроам имплементација, меѓународен универзитетски сервис за корисници и истражување.

Инфраструктура

- Континуирано подобрување на сервисите од приватниот клауд и обезбедување на сигурно ниво на предвидената функционалност со одржување на сигурноста и личните податоци.
- Обезбедување на соодветна хардверска потпора за потребите на факултетите и во насока на сигурно изведување на наставата со елиминирање на потенцијалните проблеми кои можат да доведат до прекин на наставните процеси.

- Овозможување на системски ресурси за научноистражувачка работа.
- Креирање на флексибилен примарен и секундарен дата центар за складирање на податоци и процесирање на сервиси.
- Испорака на енергетски ефикасни физички и виртуелни алтернативни клауд решенија.
- Интеграција и надградба на унифицирана платформа за колаборација и комуникација за подобрување на ефикасноста на вработените.

Поддршка

- Консолидација на ресурсите за ИТ поддршката со обезбедување на заедничко прво ниво на сервис и помош со централизиран хелпдеск систем.
- Континуирано планирање и реализација на специјализирани обуки од областа на системската и мрежната администрација.

Останати активности на Центарот:

– распределба и задолжување на постоечка и нова опрема;
– администрирање на систем за евиденција на работно време во што спаѓа одржување на хардверските уреди за читање на картичките и работа со апликацијата за собирање на настани, креирање и доставување на извештаи за вработени до одделот за човечки ресурси;
– инсталација на дополнителни контролери и софтвер за евиденција на присутност на студенти;
– техничка поддршка на вработени;
– архивско работење и одржување на магацин.

Во текот на годината е извршена посета на неколку настани и семинари за стручно усовршување како и учество на средби за изготвување на државната ИТ краткорочна и долгорочна стратегија поттикната од министерот за информатичко општество.

**Заклучок**

Во заклучокот треба да се истакне дека реализацијата на јавните набавки течеше со бавно темпо поради строгите правила и процедури на бирото и Советот за јавни набавки па работата на ИТ центарот претежно беше насочена кон одржување и сервисирање на веќе постојната техника и инфраструктура.

Исто така, проблеми постојат и во делот на ладење на дата центарот поради честиот испад на уредите за ладење (клими). За да се реши овој проблем потребни се средства и посериозен приод на решавање на проблемот преку монтажа на попрофесионален систем за ладење.

## XIV. УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА
## ВОВЕД

И во 2015 година Универзитетската библиотека успешно ги извршуваше работните задачи што пред неа беа поставени, иако понекогаш наидуваше на помали или поголеми тешкотии, главно поврзани со транспортот на обработените книги и со недостиг на простор за обработените книги во некои факултетски библиотеки.

И оваа година беше вршен прием на библиотечниот материјал, истиот беше стручно обработуван (комплетно рачно и компјутерски) и беше дистрибуиран до библиотеките на единиците на Универзитетот, така што годинава Универзитетската библиотека располага со вкупен фонд од околу 120.000 книги. Исто како и досега, новодобиените книги најнапред се евидентираа, т.е. архивираа во Деловодна книга, а за книгите кои се набавени со фактура се изготвуваа сметководствени пресметки поединечно за секоја книга. Потоа на секој влезен или излезен документ се вршеше архивирање (а доколку нема список на книги се правеше записник), потоа се вршеше скенирање и нивно внесување во компјутерската програма Suscriptor.

И оваа година се продолжи со вршењето техничка и стручна обработка (каталогизација на библиотечниот материјал) според најновите меѓународни стандарди за библиотечно работење (UNIMARK). Се вршеше и компјутерската обработка во библиотечниот оперативната програма Facit.

Во текот на годината се вршеше и прием и средување на вратени задолженија по налози по факултети, а вработените редовно доставуваа дневни и месечни извештаи. На крајот беше изработен и Годишен извештај за работата на Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2015 година.

Во Централната библиотека се даваа информации на студенти, професори и асистенти во врска со расположливата литература во библиотеката.

## СТРУКТУРА

На почетокот од 2015 година во Универзитетската библиотека (УБ) работеа:

Центар за обработка на книги: Цвета Димитриева (раководител на УБ), Мима Костова и Александар Донски.

Кампус 2: Љуба Миланова.

Кампус 4: Јасминка Соколовска, Роза Јованова, Мартина Николовска-Крстевска и Дејан Иванов (волонтер).

ФОН: Марија Причкова-Митева (волонтер)

Во текот на јуни 2015 г., на работното место библиотекар во библиотеката на ФОН е распоредена Ирена Китанова, а во библиотеката на Факултетот за медицински науки е распореден Владимир Китанов.

Како библиотекар во Кампус 4 е распоредена  Маријана Кротева, а Роза Јовановска од Кампус 4 е распоредена на работа во Наставниот центар во Скопје. Во март 2015 година за раководител на Универзитетската библиотека е назначен Александар Донски. Во септември истата година Мартина Николовска-Крстевска е ангажирана на работни задачи во Центарот за односи со јавноста. Истиот месец Љуба Миланова (освен водењето на библиотеката на ФПТН) доброволно прифати да ја води и библиотеката на Факултетот за информатика по заминувањето на дотогашната задолжена за библиотеката Габриела Шутева на породилно боледување. Во текот на 2015 година им престана работниот ангажман на двајцата волонтери во Универзитетската библиотека: Марија Причкова-Митева и Дејан Иванов, кои заминаа на работни места вон УГД.

Во времето на пишувањето на овој извештај (октомври 2015 г.) структурата на Универзитетската библиотека изгледа вака:

Центар за обработка на книги: Цвета Димитриева, Мима Костова и Александар Донски (раководител на УБ).

Кампус 2: Љуба Миланова (библиотекар на ФПТН и ФИ).

Кампус 4: Јасминка Соколовска и Маријана Кротева.

ФОН: Ирена Китанова.

Факултет за медицински науки: Владимир Китанов.

Наставен центар во Скопје: Роза Јовановска.

На останатите факултетски библиотеки задолжени за изнајмување книги се вработени од факултетите.

**ЗАКЛУЧОК**

Во текот на 2015 година во Универзитетската библиотека при УГД се реализирани низа активности, кои во продолжение ќе ги наброиме.

- **Техничка обработка на библиотечниот фонд.** Оваа обработка се состои од потпечатување, заведување во инвентарна книга, сигнирање, инвентарирање во книгите, пишување на картон на книгата. Правење пресметка на книгите по фактура. Креирање компјутерски запис во библиотечната програма FACIT. Правење задолженија за книгите, архивирање и препракање на книгите по факултетските библиотеки.
- **Скенирање на архивираните документи и нивно внесување во Suscruptor**.
- **Прием на магистерски и докторски трудови и нивна обработка**. Доставата на овие трудови до Центарот за обработка се одвиваше со големи задоцнувања, а трудовите во Центарот за обработка често пати сами ги качуваме, затоа што не се доставуваа до нашата просторија.
- **Пребројување и сложување на книгите по рафтовите во библиотеката на Факултетот за медицински науки**. Целокупниот библиотечен фонд на Факултетот за медицински науки беше сложен по наслов, број и по инвентарна книга. Притоа беше реализирано сложување на списокот на издадени книги со списокот на книгите

на рафтовите. Беше изготвен записник за книги, архивирање на записници за книги за извршен попис на книгите на Факултетот за медицински науки и негово доставување до библиотеката.

- **Вадење на податоци материјално и финансиски по библиотечна евиденција по факултети за вкупниот број на книги**. Сложување на изготвените податоци по факултети од инвентарните книги. Изготвување на преглед по факултети за вкупниот број на книги, материјално и финансиски по библиотечна евиденција. Сложување по сметководствена картица за книги со библиотечна евиденција.
- **Работа со книгите на Земјоделски факултет**. Вадење, одделување книги од рафтовите и повторно враќање на останатите книги на рафтовите. Класифицирање по наслов и број на веќе постоечки обработени книги од преводот, наменети за библиотеката на Земјоделски факултет, сместени во свечената сала на Кампус 2 и изготвување задолженија.
- **Тековно услужување со книги и друг библиотечен фонд.** Во текот на целата година студентите, постдипломците, професорите и останатите вработени на УГД од сите факултети редовно беа услужувани со книги и друг библиотечен фонд.
- **Издавање потврди на дипломирани студенти**. И во текот на оваа година вработените во Универзитетската библиотека издаваа потврди на дипломирани студенти дека не должат книги откако претходно истите беа проверувани.
- **Проверка и контрола на документи од библиотечното работење заради надворешна контрола на ИСО стандардите**. Поради ова книгите во Центарот за обработка беа повторно подредени и прередени по полиците.
- **Електронско евидентирање на постојните универзитетски билтени и гласници во Универзитетската библиотека**. Притоа е реализирано нивно класифицирање и подредување на рафтовите во библиотеката.
- **Електронско внесување на обработени наслови на книги од проектот на Влада на РМ во електронската евиденција**.
- **Подготвување и испраќање на серискотo списание „Geologica Macedonika”**.
- **Прием на задолженија на книги, нивна проверка и средување во класор**.
- **Изработка на предлози до генералниот секретар заради решавање на некои проблеми во Универзитетската библиотека.**
- **Прием на нови книги донација од ТКЦ „Јунус Емре“.**
- **Селење на книгите од објектот на стариот во објектот на новиот Ректорат.** За време на ова селење беше извршено пребројување, класирање и селектирање на околу 1.600 книги од рафтовите во стариот Ректорат заради селење во објектот на новиот Ректорат. Беше направен список по наслов и инвентарен број на овие книги и беа изготвени нови задолженија за новозадолжените лица. По

извршеното пренесување на овие книги од стариот Ректорат во кабинетите на ректорот и проректорите во новиот Ректорат, беше извршено нивно прередување по рафтовите.

- **Правење попис на целокупниот библиотечен фонд на Факултетот за образовни науки поради презадолжување на книгите**. По заминувањето на волонтерката библиотекарка на ФОН Марија Причкова-Митева на ново работно место вон УГД, задолжувањето на книгите на овој факултет го презеде Ирена Китанова. Поради тоа беше направен детален попис на околу 16.000 книги на овој факултет и беше изготвено ново задолжување на истите.
- **Селење на дел од библиотечниот фонд од библиотеката на Економски факултет**. Проблемот со библиотеката на Економски факултет трае со години и истиот се состои во тоа што на овој факултет нема соодветно голем простор во кој би биле собрани сите книги од факултетската библиотека. По неколку селења на книгите од една во друга просторија, книгите останаа натрупани од подот до таванот во просторија на периферијата на објектот. По направените анализи и усилби, договорено е вишокот од овие книги (вишокот примероци од ист наслов) да се дислоцираат во новооснованата библиотека во Наставниот центар во Скопје. По извесни одлагања, конечно, е почнато со овој процес и во моментот на пишувањето на овој извештај, дислоцирани се околу 1.000 книги, со тоа што оваа активност сè уште е во тек. Сите дислоцирани книги се симнувани од полиците, избришани од прашина, пребројувани и заведувани во соодветни списоци. За овие книги се направени и нови задолженија кои гласат на задолжената за библиотеката во НС во Скопје – Роза Јовановска.
- **Основање библиотека во Наставниот центар во Скопје**. Како посебен успех во 2015 година го сметаме основањето на библиотека во Наставниот центар во Скопје за потребите на тамошните студенти и вработени. За почеток, во оваа библиотека се префрлуваат вишокот книги (од ист наслов) од библиотеката на Економски факултет, кои се од разни теми и се во склад со дисперзираните студии на УГД во Скопје. За библиотекар во НС во Скопје е назначена Роза Јовановска (жител на Скопје). За целосно комплетирање на оваа библиотека (која била примена со голема поддршка од тамошните студенти и вработени) потребно е под итно да се однесат рафтови (засега книгите биле сместени на подот), а секако дека е потребно и збогатување на библиотечниот фонд со носење на уште книги, кое е во тек.
- **Издвојување книги за Кабинетот на ректорот.** По барање од претходниот ректор, а за потребите на неговиот кабинет, од Центарот за обработка на книги беа издвоени 346 книги од различни наслови, кои беа обработени (презадолжени) и доставени до Кабинетот на ректорот.
- **Упатување во работата на новите вработени**. Како што спомнавме, во текот на 2015 година, во УБ на работа дојдоа нови лица кои беа

упатени во нивните работни задачи од страна на постарите колеги.

- **Решавање на состојбата со библиотеката на Факултетот за информатика**. Поради заминување на породилно отсуство на задолжената за библиотеката на Факултетот за информатика Габриела Шутева, се појави проблем кој да ја замени во работата. Меѓутоа, проблемот беше брг у решен со тоа што библиотекарката на ФПТН Љуба Миланова доброволно се пријави да ги услужува и студентите и вработените на соседниот Факултет за информатика.
- **Издвојување магистерски и докторски трудови за потребите на ЦОЈ.** Во септември од страна на ЦОЈ е побарана соработка со Универзитетската библиотека со цел да се обезбеди по еден примерок од сите магистерски и докторски трудови кои биле одбранети во 2015 година на УГД заради нивно испраќање на НУБ „Климент Охридски“ во Скопје. Формирана е Работна група во која е вклучена Цвета Димитриева. За таа цел вработените во Центарот за обработка заминаа на терен во стариот Ректорат од каде што ги издвоија потребните трудови и почнаа со изготвување список од истите. Во време на пишувањето на овој извештај, оваа активност сè уште е во тек.
- **Пишување неделни и месечни извештаи.** Сите вработени во УБ редовно изработуваа и испраќаа неделни и месечни извештаи, кои потоа беа испраќани од страна на раководителот до надлежните раководни субјекти.
- **Тековна комуникација со факултетите и останатите единици на УГД.** Оваа комуникација се одвиваше секојдневно главно по имејл или телефонски и истата е поврзана со тековни активности поврзани со работата на Универзитетската библиотека.
- **Одржување состаноци.** Во текот на 2015 година вработените во Универзитетската библиотека одржуваа и работни состаноци како помеѓу себе, така и со претставници на други единици од УГД. Освен состаноци, реализирани се и неколку работни средби со претставници од и вон УГД.
- **Присуство на промоции на книги.** Во текот на годината вработени во Универзитетската библиотека (по покана од авторите) присуствуваа на неколку промоции на книги.

На крајот да заклучиме дека работата во Универзитетската библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев“ во 2015 година се одвиваше според зацртаните работни задачи во Правилникот за работа. Во текот на оваа година решени се некои од тековните проблеми, а од оние кои остануваат за решавање се: недостигот на простор во некои факултетски библиотеки и транспорт на книги, кој често пати се одвива отежнато.

# XV. ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
за работата на Одделот за јавни набавки за 2015 година

*Штип, ноември 2015 г.*

Да станеш лидер на работното место е големо постигнување, затоа што за да го направиш тоа се потребни дисциплина, посветеност, ентузијазам и добро однесување. Позицијата лидер не е за секого. Некои луѓе се плашат од неа, некои ја злоупотребуваат, а некои пак цел живот се трудат да ја достигнат. Има и луѓе кои се родени да бидат лидери.

### I. Вовед

Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип завршува уште една успешна година исполнета со активности од најразличен вид и побогат со искуства од осмата година од примената на Законот за јавни набавки и подзаконските акти.

Во 2015 година има две измени во Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр. 75/2015 и 192/2015).

Водејќи се од латинската поговорка *Res, non verba (дела, не зборови),* го поднесуваме Годишниот извештај за работата на Одделот за јавни набавки за 2015 година.

Најпрвин ќе се осврнеме на Годишниот план за јавни набавки, заедно со измените и дополнувањата на овој план во текот на 2015 година. Потоа, низ краток преглед, ќе ја осознаеме застапеноста на видовите постапки и предметите на набавките на спроведените постапки на Универзитетот.

### II. Донесување, измени и дополнувања на Годишен план за јавни набавки

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2015 година е усвоен со Одлука за усвојување на Годишен план за јавни набавки за 2015 г., бр. 0701-1316/14 од 1.12.2014 г.

Во текот на 2015 година се извршени измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година со следните одлуки:

1. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година бр. 0701-1408/6 од 22.12.2015 година;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година бр. 0201-361/15 од 19.3.2015 година;
3. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година бр. 0201-510/8 од 16.4.2015 година;
4. Одлука за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година бр. 0201-725/25 од 16.6.2015 година;
5. Одлука за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година бр. 0201-795/11 од 6.7.2015 година;

6. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2015 година бр.0201-1018/11 од 25.9.2015 година;
7. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 0201-1148/14 од 19.10.2015 година;
8. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 0202-1227/2 од 4.11.2015 година;
9. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 0202-1227/2 од 4.11.2015 година.

**III. Краток преглед на спроведени постапки**

**III.1**. За спроведените постапки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го даваме следниот табеларен преглед по видови постапки и по видови договори:

| Вид на постапка | Стоки | Услуги | Работи | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| Отворена постапка | 11 | 8 | / | 19 |
| Постапка со барање за прибирање на понуди | 11 | 13 | / | 24 |
| Постапки со преговарање (од 2014 г.) | 1 | / | 1 | 2 |
| Постапки по проект | 2 | 5 | 1 | 8 |
| ВКУПНО | 25 | 26 | 2 | 53 |

**Овој Извештај вклучува и 16 постапки од 2014 година кои не беа опфатени со Годишниот извештај за 2014 година.**

**РЕАЛИЗИРАНИ СЕ ВКУПНО 69 ПОСТАПКИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД.**

**IV. Активности на Одделот за јавни набавки**

**IV. 1. Ажурирање на документација за постапки (хартиена и електронска архива)**

Сите класери се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршена самоевалуација за 2015 година класерите ќе бидат сместени во метални ормани кои ќе се заклучат и клучот ќе биде предаден во сефот.

Сите постапки се внесуваат во електронската архива Docu Share, соодветно со потпишување на документација.

**IV. 2. Семинари и стручни усовршувања**

– ***Non progredi est regredi – Да не напредуваш значи да одиш наназад***

Вработените во Одделот за јавни набавки континуирано посетуваат обуки, семинари и работилници од областа на јавните набавки.

**IV. 3. Обуки на вработените и други видови на стручни усовршувања**

Раководителот на Одделот за јавни набавки врши континуирани обуки на вработените во Одделот и тоа:

- почитување на позитивните законски прописи, Кодексот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
- на секретарите за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
- на референтите за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка во хартиена и во електронска архива.

**IV. 4. Соработка со економските оператори**

Одделот за јавни набавки успешно соработува со економските оператори. Пред сè, Одделот им стои на располагање на економските оператори по однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата што треба да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ (ЦЕУ) ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ 2015 Г. - НОЕМВРИ 2015 Г.

**Вовед**

Основна цел на Центарот за електронско учење (ЦЕУ) е да се воведе модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“, нови технологии (интерактивни табли, графички табли, мултимедиски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго), како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Од неговото основање, Центарот за електронско учење во континуитет успешно ги извршува своите активности и обврски како придонес во целокупното функционирање на Универзитетот. Во 2015 година, покрај бројните секојдневни активности, ЦЕУ изврши повеќе надградби на системот за електронско учење, го спроведе проектот за електронско тестирање за универзитетските изборни предмети и го ажурираше Виртуелниот УГД 360 кампус.

1. **Структура (раководител, вработени и ангажирани лица)**

Центарот за електронско учење во 2015 година функционираше во состав:

| Ред. број | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1. | Д-р Зоран Здравев | доцент на Факултетот за информатика, раководител |
| 2. | М-р Стојанче Спасов | помлад референт во Центар за електронско учење |
| 3. | Борче Јаневски | систем-администратор |
| 4. | М-р Силвана Жежова | пом. асистент на Технолошко-технички факултет, надворешен член |
| 5. | М-р Мирјана Коцалева | член на Центар за електронско учење |
| 6. | М-р Сања Стефанова | член на Центар за електронско учење |

2. **Извештај за активностите на Центарот за електронско учење**

Во периодот од декември 2014 година до ноември 2015 година, во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа голем број активности според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Центарот за електронско учење.

Секојдневните активности што се извршувани во Центарот за електронско учење во периодот од јануари до ноември 2015 година вклучуваат, но не се лимитирани на:

- Одржување, ажурирање и надградба на Moodle 2 платформата за е-учење;
- Доделување на права за креирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Ажурирање на курсеви на новиот систем на Moodle 2 платформата;
- Уредување на кориснички профили;
- Решавање на проблеми со кориснички профили;
- Техничка поддршка на ЦЕУ;
- Администрација на повици;
- Корисничка и телефонска поддршка;
- Статистика на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Спроведување на електронско тестирање по универзитетските предмети.

Од средината на мај 2014 година ЦЕУ започна со детално евидентирање на извршените активности и истите редовно ги објавува на порталот на Центарот (http://ceu.ugd.edu.mk/aktivnosti.html).

Од тој период до денес, меѓу другото, се реализирани и евидентирани и следните активности на вработените во Центарот за е-учење:

- Примени и реализирани повици: 1.392;
- Примени и испратени пораки: 2.994;
- Конверзации преку Lync комуникаторот: 975;
- Одобрени трудови во е-репозиториум: 2.046;
- Техничка обработка и прикачување на изданија во е-библиотека: 35.

Значајно е да се истакне дека Центарот за електронско учење во 2014 година започна со спроведување на проектот **„Електронско тестирање за универзитетските изборни предмети“**, со кој беше предвидено тестирањето за 24 предмети да се одвива електронски преку системот за е-учење. Во контекст на овој проект вработените во Центарот секојдневно овозможуваа поддршка и помош на наставничкиот кадар за внесувања на прашањата за тестирање во системот, а потоа и при спроведување на тестирањата. Тестирањата се спроведуваа во секоја сесија, во повеќе градови и вкупниот број на тестирани студенти до сега изнесува 4.249.

3. **Извештај за реализираните проверки на системот за е-учење**

Од септември 2013 година, покрај извештаите за тековните активности на Центарот за електронско учење, се изработуваат и извештаи за реализирани проверки на системот за е-учење.

Во периодот од ноември 2014 година до ноември 2015 година беа реализирани следниве софтверските проверки:

- Проверка на функционалноста на базата;
- Следење на статистиката;
- Извршена проверка и адаптирање на cron;

– Проверка на безбедносната конфигурација;
– Проверка на политиката за најавување;
– Проверки дали има нова верзија (надградба е извршена четири пати);
– Уредување и одржување на Moodle 2 платформата;
– Ажурирање на Moodle 2 платформата;
– Решавање на проблеми со кориснички профили;
– Уредување на кориснички профили;
– Ажурирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
– Помош при креирање на курсеви;
– Бришење на неактивни курсеви;
– Бришење на неактивни корисници.

4. **Систем за управување со учењето (Learning management System – Moodle)**

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ го управува Системот за електронско учење. Системот се применува од 2008 година и е базиран на платформата Moodle. До јули 2011 година се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Во јули 2011 година е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Од тој период до денес платформата континуирано се надградува со најновите верзии. На крајот на 2013 година се врши надградба од верзијата 2.5.3. на верзијата 2.6.

Од јануари до ноември 2014 година се направени вкупно осум надградби на платформата, од кои позначајни се надградбата од верзија 2.6.3 на 2.7 извршена во јуни 2014 година при што Moodle добива приспособлив (responsive) дизајн соодветен за користење на сите видови уреди, вклучувајќи и мобилни телефони и таблети. Следните верзии беа 2.7.2+, 2.7.3+, 2.8.1+ и 2.8.3+. Последната надградба на системот за е-учење е направена во средината на април, при што се преминува на верзијата 2.8.5+.

Во табела 1 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 2.8.5+ платформата според податоците земени на 22 октомври 2015 година (во табелата споредбено може да се погледнат и податоците од извештајот од претходната година). Вкупниот број на корисници на системот за е-учење при УГД изнесува околу 17.170 корисници, од кои 392 се предавачи (професори и асистенти), а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално има 2.274 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

*Табела 1. Искористеност на Moodle 2.8.5+ платформата (22.10.2015 г.)*

| | **Вкупно (10.12.2013)** | **Вкупно (4.11.2014)** | **Вкупно (22.10.2015)** |
|---|---|---|---|
| **Курсеви:** | 1,823 | 2,269 | 2,274 |
| **Корисници:** | 16,753 | 19,925 | 17,170 |
| **Зададени задачи:** | 77,623 | 102,568 | 131,087 |
| **Предавачи:** | 381 | 412 | 392 |
| **Пораки:** | 64,550 | 96,047 | 119,684 |
| **Прашања:** | 1,291 | 17,029 | 26,238 |
| **Ресурси:** | 14,084 | 17,494 | 19,188 |

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle платформата во наставниот процес, од сите 12 факултети и 3 академии во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“.

*Табела 2. *Број на наставници /соработници по факултети кои го користат Moodle*

| **Назив на институцијата** | **Наставници / соработници 2013** | **Наставници / соработници 2014** | **Наставници / соработници 2015** |
|---|---|---|---|
| Музичка академија | 6 | 11 | 11 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 32 | 35 | 34 |
| Факултет за образовни науки | 28 | 28 | 26 |
| Факултет за медицински науки | 72 | 75 | 64 |
| Земјоделски факултет | 26 | 28 | 30 |
| Електротехнички факултет | 17 | 20 | 19 |
| Технолошко-технички факултет | 18 | 20 | 23 |
| Факултет за природни и технички науки | 51 | 53 | 54 |
| Економски факултет | 29 | 33 | 30 |
| Филолошки факултет | 34 | 34 | 31 |
| Правен факултет | 17 | 19 | 19 |
| Факултет за информатика | 26 | 28 | 28 |
| Машински факултет | 22 | 25 | 18 |
| Воена академија | 3 | 3 | 3 |
| Ликовна академија | / | / | 2 |
| **ВКУПНО** | **381** | **412** | **392** |

*

*(Напомена: во горната табела се влезени и наставници/соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет. Тоа значи дека некои наставници/соработници може да се повторуваат во горенаведените бројки и дека вкупната реалната бројка од 392 е помала за 10-20.)*

**Заклучок**

Центарот за електронско учење во 2015 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности, како и реализацијата на позначајните проекти со долгорочни ефекти во делот на електронската поддршка и спроведување на наставните процеси.

Системот за е-учење редовно се ажурира, надградува и се одржува во функционална состојба, во интерес на непречено спроведување на наставата. Притоа на наставничкиот кадар му се овозможува континуирана поддршка за извршување на секојдневните задача, а во зависност од потребите може да се организираат обуки. Од податоците во извештајот може да се согледа дека бројот на курсеви и корисници постепено се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на пораки, прашања и ресурси. Исто така, од извештајот се забележува зголемување на бројот на наставници и соработници кои ја користат Moodle 2 платформата, односно ги користат различните алатки што им ги нуди платформата, со чијашто помош полесно ја организираат својата наставна програма.

Како позначајно за оваа година може да се издвои успешното спроведување на проектот „Електронско тестирање за изборните универзитетски предмети“.

Исто така, значајно е да се истакне дека Центарот за електронско учење дава поддршка и помош за активно функционирање и на други системи во рамките на Универзитетот, како што се: Е-библиотека, УГД журнали, УГД Scholar и УГД репозиториум.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДЕКАНИТЕ НА ЕДИНИЦИТЕ ВО СОСТАВ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

## ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИКА

### 1. Вовед

Декан, проф. д-р Цвета Мартиновска-Банде

(избран на 108. седница на Наставно-научен совет на Факултет за информатика, одржана на 24.8.2015 година)

### 2. Структура

- Број на вработени - наставници, соработници, административен кадар

| Ред. број | Презиме и име | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Гичев Владо | ред. проф. | да | |
| 2 | Мартиновска Цвета | ред. проф. | да | |
| 3 | Коцески Сашо | вон. проф. | да | |
| 4 | Коцеска Наташа | вон. проф. | да | |
| 5 | Милева Александра | вон. проф. | да | |
| 6 | Утковски Зоран | доцент | да | |
| 7 | Стојановиќ Игор | доцент | да | |
| 8 | Здравев Зоран | доцент | да | |
| 9 | Делипетрев Благој | доцент | да | |
| 10 | Крстев Александар | доцент | да | |
| 11 | Лукаревски Мартин | доцент | да | |
| 12 | Златановска Билјана | доцент | да | |
| 13 | Кокаланов Васко | асистент | да | |
| 14 | Максимова Наташа | лаборант | да | |
| 15 | Лазарова Лимонка | лаборант | да | |
| 16 | Стојанов Доне | асистент докторанд | да | |
| 17 | Биков Душан | асистент докторанд | да | |
| 18 | Митева Марија | асистент докторанд | да | |
| 19 | Буралиева Јасмина | асистент докторанд | да | |
| 20 | Гелова Елена | асистент докторанд | да | |
| 21 | Златев Зоран | асистент докторанд | да | |
| 22 | Стојанова Александра | лаборант | да | |
| 23 | Пунчева Магдалена | насл. вон. проф. | | да |
| 24 | Трифунов Зоран | насл. доцент | | да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25 | Туневска-Билјана Јолеска | ред. проф | | да |
| 26 | Атанасова - Пачемска Татјана | вон. проф | да - ЕТФ | |
| 27 | Кирова Снежана | лектор | да - ФФ | |
| 28 | Даскаловска Нина | пом. лектор | Да - ФФ | |
| 29 | Стојанов Трајче | доцент | да-ФОН | |
| 30 | Николовски Круме | вон. професор | да-ЕФ | |
| 31 | Мицевски Трајко | ред. професор | да-ЕФ | |
| 32 | Фотов Ристо | ред. професор | да-ЕФ | |
| 33 | Темјановски Ристе | вон. професор | да-ЕФ | |
| 34 | Маџова Виолета | доцент | да-ЕФ | |
| 35 | Горгиева Весна | доцент | да-ЕФ | |
| 36 | Трајкоска Оливера | доцент | да-ЕФ | |
| 37 | Лазарев Дарко | доцент | да-ЕФ | |
| 38 | Давчев Љупче | доцент | да-ЕФ | |
| 39 | Пачешкоски Влатко | асистент | да-ЕФ | |
| 40 | Колева Благица | доцент | да-ЕФ | |
| 41 | Груевски Илија | доцент | да-ЕФ | |
| 42 | Гогова Марија | доцент | да-ЕФ | |
| 43 | Шутева Габриела | тех. секретар | да | |
| 44 | Ѓеоргиева Никица | секретар | да | |
| 45 | Давчева Валентина | референт за студентски прашања | да | |

3. Катедри

- Во состав на Факултетот за информатика влегуваат следниве катедри:

***Назив на катедра: Применета математика***

*Области (дисциплини) на истражување:*

10912 Применета математика и математичко моделирање
10913 Програмирање
10907 Математичка статистика и операциони истражувања
11004 Нумеричка анализа
11008 Оптимизација
11011 Друго

*Наставници и соработници распоредени на Катедрата:*

д-р Владо Гичев, д-р Билјана Златановска, м-р Васко Кокаланов, м-р Александра Ристеска.

*Раководител на Катедра -* д-р Владо Гичев.

*Предмети распоредени на катедрата:*

| | |
|---|---|
| 2FI130212 | Академско пишување |
| 2FI101712 | Нумерички методи |
| 2FI132312 | Основи на геоинформатика |
| 2FI133612 | Основи на операциони истражувања |
| 2FI131012 | Сметачки алатки во инженерство |
| 2FI134112 | Компјутерски практикум 1 (Matlab) |
| 2FI134512 | Компјутерски практикум 2 (Matlab) |
| 2FI100212 | Основи на програмирање |
| 2FI133712 | Програмски јазик |
| 2FI134712 | Динамички системи и хаос |
| 2FI134612 | Теорија на динамички системи |
| 2FI134012 | Компјутерски практикум 1 (Mathematica) |
| 2FI134412 | Компјутерски практикум 2 (Mathematica) |
| 2FI134912 | Линеарно програмирање |

***Назив на Катедра: Математика и статистика***

*Области (дисциплини) на истражување:*

109 - Математика

513 - Статистика

*Наставници и соработници распоредени на Катедрата:*

*д-р Татјана Атанасова-Пачемска, д-р Мартин Лукаревски, м-р Лимонка Лазарова, м-р Марија Митева, м-р Јасмина Буралиева, м-р Елена Гелова.*

*Раководител на Катедра - д-р Татјана Атанасова-Пачемска.*

*Предмети распоредени на Катедрата:*

| | |
|---|---|
| 2FI131212 | Алгебарски структури |
| 2FI130712 | Веројатност и статистика |
| 2FI131112 | Геометриски трансформации |
| 2FI130412 | Дискретна математика |
| 2FI130312 | Линеарна алгебра |
| 2FI100112 | Математика I |
| 2FI100412 | Математика II |
| 2FI130812 | Теорија на веројатност |
| 2FI103112 | Алгебра |
| 2FI103212 | Аналитичка геометрија |
| 2FI103812 | Векторски простори |

| | |
|---|---|
| 2FI103312 | Диференцијални равенки |
| 2FI104112 | Елементарна математика со практикум |
| 2FI103512 | Комплексни функции |
| 2FI103012 | Математичка анализа |
| 2FI104012 | Методика на наставата по математика 1 |
| 2FI104212 | Методика на наставата по математика 2 |
| 2FI102912 | Множества и логика |
| 2FI103612 | Статистика |
| 2FI103912 | Теорија на броеви и полиноми |
| 2FI103412 | Топологија |
| 2FI103712 | Финансиска математика |
| 2FI130412 | Дискретна математика |
| 2FI135212 | ИКТ во наставата по математика |
| 2FI135012 | Историја на математиката |
| 2FI134212 | Комбинаторика |
| 2FI134812 | Нацртна геометрија |
| 2FI134312 | Неравенства |
| 2FI135112 | Образовен математички софтвер |
| 2FI133812 | Одбрани поглавја од геометрија |
| 2FI133912 | Тригонометрија |
| 2FI104312 | Математика (за економисти) |
| 2FI104412 | Финансиска и актуарска математика |
| 2FI104512 | Статистика (за бизнис) |
| 2FI 104712 | Линеарни трансформации |
| | Калкулации |
| | Математика - ФОН |
| | Економска статистика |
| | Здравствена статистика и анализа на податоци |
| | Математика (универзитетски изборен предмет) |

***Назив на Катедра: Компјутерски технологии и интелигентни системи***

*Области (дисциплини) на истражување:*

11000 Информатика

11001Теорија на системи и контрола

11003 Програмски јазици и системи

11005 Вештачка интелигенција

11007 Алгоритми
11010 Развивање на софтвер и бази на податоци
11011 Друго
21205 Вештачка интелигенција и системи
21203 Бази на податоци
21201 Програмски јазици и технологии
21208 Друго

*Наставници и соработници распоредени на Катедрата:*

*д-р Наташа Коцеска, д-р Сашо Коцески, д-р Цвета Мартиновска, д-р Александра Милева, м-р Наташа Максимова, м-р Доне Стојанов, м-р Душан Биков, Александра Стојанова.*

*Раководител на Катедра - д-р Наташа Коцеска.*

*Предмети распоредени на Катедрата:*

| | |
|---|---|
| 2FI101012 | Бази на податоци |
| 2FI102112 | Безбедност на компјутерски системи |
| 2FI133312 | Биоинформатика |
| 2FI102312 | Вештачка интелигенција |
| 2FI100812 | Визуелно програмирање |
| 2FI131512 | Вовед во криптографија |
| 2FI133212 | Вовед во мобилни технологии |
| 2FI101312 | Графика и визуелизација |
| 2FI131812 | Дизајн и архитектура на софтвер |
| 2FI132712 | Интеракција компјутер корисник |
| 2FI130112 | Интернет технологии |
| 2FI132012 | Мултимедија |
| 2FI131412 | Напредни алгоритми |
| 2FI132812 | Напредно програмирање во Java |
| 2FI100512 | Објектно-ориентирано програмирање |
| 2FI131712 | Моделирање и симулации |
| 2FI132112 | Основи на податочно рударење и складишта |
| 2FI102512 | Основи на роботика |
| 2FI132212 | Програмирање во реално време |
| 2FI101212 | Софтверско инженерство |
| 2FI100712 | Структури на податоци и алгоритми |
| 2FI101912 | Управување со софтверски проекти |
| 2FI101112 | Компјутерски мрежи |
| 2FI131312 | Мрежни протоколи |

***Назив на Катедра: Компјутерско инженерство и комуникациски технологии***

*Области (дисциплини) на истражување:*

21200 Архитектура на сметачки системи

21202 Информациони системи и мрежи

21204 Обработка на информации

21206 Процесирање на податоци

21207 Организација и методологија на проектирање на сметачки системи

22400 Теорија на информации и комуникации

21208 Друго

*Наставници и соработници распоредени на Катедрата:*

*д-р Зоран Утковски, д-р Игор Стојановиќ, м-р Зоран Златев*

*Раководител на Катедра - д-р Зоран Утковски*

*Предмети распоредени на Катедрата:*

| | |
|---|---|
| 2FI100912 | Архитектура на компјутери |
| 2FI100612 | Дигитална логика |
| 2FI102212 | Дигитални комуникации |
| 2FI102612 | Дигитално процесирање на сигнали |
| 2FI130512 | Електроника |
| 2FI100312 | Електротехника |
| 2FI130612 | Компјутерски електронски елементи |
| 2FI101512 | Оперативни системи |
| 2FI130912 | Сигнали и системи (Основи на телекомуникации) |
| 2FI101812 | Теорија на информации |
| 2FI132512 | Управување и складирање на податоци |
| 2FI132912 | Мобилни и безжични мрежи |
| 2FI131912 | Мрежни оперативни системи |
| 2FI101612 | Микрокомпјутерски системи |
| 2FI132412 | Сензорски системи |

***Назив на Катедра: Информациски технологии***

*Области (дисциплини) на истражување:*

11002 Информациони системи и програмирање

11010 Развивање на софтвер и бази на податоци

11011 Друго

21202 Информациони системи и мрежи

*Наставници и соработници распоредени на Катедрата:*
*д-р Зоран Здравев, д-р Благој Делипетрев, д-р Александар Крстев*
*Раководител на Катедра - д-р Зоран Здравев*
*Предмети распоредени на Катедрата:*

| | |
|---|---|
| 2FI133512 | Бизнис информациски системи |
| 2FI102012 | Информациски системи |
| 2FI131612 | ИТ инфраструктура |
| 2FI132612 | Развој на информациски системи |
| 2FI133112 | Системи за електронско учење |
| 2FI133412 | Управување со ИТ проекти |
| 2FI102712 | Веб сервиси и XML |
| 2FI102812 | Дистрибуирани компјутерски системи |
| 2FI133012 | Инфраструктура на облак и сервиси |
| 2FI102412 | Облак технологии |
| 2FI101412 | Интернет програмирање |
| | Електронско учење (универзитетски изборен предмет) |

4. Извештај од одржаните седници на наставно-научните совети

***1. Дневен ред на 97. седница на ННС, одржана на 18.11.2014 година:***

- *Усвојување на записник од 96. седница*
- Одлуки

1. Одлука за распишување Конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања од наставно-научни области информатика и информациони системи и мрежи.
2. Одлука за усвојување на Извештај од работата на Факултетот за информатика за учебната 2013/2014 година.
3. Одлука за изземање на член од Комисијата за проверка на учебници од македонски автори на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
4. Одлука за формирање на Лабораторија за геоматика, избор на раководител на Лабораторијата и дополнување на Правилникот на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.
5. Одлука за прифаќање на пријава за научноистражувачки проект под наслов „Распределба на сеизмичка енергија при интеракција објект-темел-почва“.
6. Одлука за одобрување на Барање за отсуство во периодот од 20 до 21 ноември 2014 година поради учество на Национален семинар по

теорија на кодирањето „Стефан Додунеков”, организиран од ИМИ-БАН во Велико Трново, Р. Бугарија (Душан Биков).

7. Одлука за одобрување на Барање за отсуство во периодот од 8 до 19 декември 2014 година поради учество на интернационалната конференција „Hamiltonian Dynamics, Nonautonomous Systems, and Patterns in PDE‘s” Nizhny Novgorod, Russia, December 10-15, 2014 и учество на Интернационалната конференција “Shilnikov WorkShop 2014” Nizhny Novgorod, Russia, December 17-19 2014 (Мартин Лукаревски).
8. Одлука за одобрување на Барање за набавка на книги од д-р Александра Милева (трошоците за набавка на книги да бидат покриени од проектот „Развој на нови алгоритми и софтверска библиотека за примена во биомедицинското инженерство”).
9. Одлука за одобрување на Барање за одобрување на исплата на котизација за трудот „Computer Forensic Analisys of Some Web Attacks” на World Congress on Internet Security (WorldCIS-2014), што ќе се одржи од 8 до 10 декември 2014 година во Лондон, Велика Британија (Александра Милева).
10. Одлука за одобрување Барање за отсуство во периодот од 15.12.2014 година до 18.12.2014 година поради состанок на менаџмент комитетот на COST Action Action TD1403 Big Data Era in Sky and Earth Observation (BIG-SKY-EARTH) во Брисел, Белгија (Благој Делипетрев).
11. Одлука за одобрување Барање за отсуство во периодот од 26.11.2014 година до 28.11.2014 година поради состанок на менаџмент комитетот на COST Action IC1203: European Network Exploring Research into Geospatial Information Crowdsourcing: software and methodologies for harnessing geographic information from the crowd (ENERGIC) во Софија, Република Бугарија (Благој Делипетрев).
12. Одлука за одобрување Барање за отсуство во периодот од 30 април до 31 јули 2015 година поради реализација на истражувачки престој на докторски студии на AGH Универзитетот за наука и технологија во Краков, Полска (Доне Стојанов).
13. Одлука за одобрување барање за исплата за авионски билет на релација Скопје – Краков – Скопје за реализација на тримесечен истражувачки престој на AGH Универзитетот за наука и технологија во Краков, Полска, од проектот „Развој на нови алгоритми и софтверска библиотека за примена во биомедицинското инженерство“.
14. Одлука за одобрување Барање за отсуство во периодот од 24.11.2014 година до 26.11.2014 година поради присуство на работен состанок на Управниот комитет на COST акција IC1206 „Деидентификација за заштита на приватноста во мултимедијални содржини”, кој ќе се одржи на 24 и 25 ноември, во Белград, Србија (Игор Стојановиќ).

15. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за формирање на Комисија за оценка и одбрана на магистерски труд (Сања Стефанова).
16. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Валерија Ристова).
17. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Горан Витанов).
18. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Благоја Николов).
19. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Марина Иванова).
20. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Стојан Хаџи Николов).
21. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Невенка Малинова).
22. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Ѓоко Ѓорѓиев).
23. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Елизабета Мазновска).
24. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Марина Велјаноска).
25. Одлука за одобрување Барање од студент на втор циклус студии за продолжување на рокот за студирање (Павле Стојановски).
26. Одлука за одобрување Пријава на тема за магистерски труд од студент на втор циклус студии (Добрила Јовановска-Ѓоргон).
27. Одлука за одобрување Пријава на тема за магистерски труд од студент на втор циклус студии (Драган Анастасов).
28. Одлука за одобрување Пријава на тема за магистерски труд од студент на втор циклус студии (Иван Стојанов).
29. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за префрлување од насоката Информатика – Штип со 240 ЕКТС на насоката Информатика – Штип (3-годишни студии) со 180 ЕКТС (Даниел Шиндев).
30. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за префрлување од насоката Информатика – Штип со 240 ЕКТС на насоката Информатика – Штип (3-годишни студии) со 180 ЕКТС (Бобан Савев).
31. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за признавање на положени испити (Гоце Шарковски).
32. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за признавање на положени испити (Иван Крстевски).
33. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за продолжување на прекинато студирање (Мартин Сарафимов).

34. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за продолжување на прекинато студирање (Јулијана Петрова).
35. Одлука за одобрување Барање од студент на прв циклус студии за продолжување на прекинато студирање (Виктор Донов).
36. Одлука за усвојување Пријава за тема на дипломски труд „Изработка на веб-продавница со користење на рамката prestashop“ од студент на прв циклус студии на Факултет за информатика (Митко Митрев).
37. Одлука за усвојување Пријава за тема на дипломски труд „Веб-апликација за онлајн резервирање на авионски карти“ од студент на прв циклус студии на Факултет за информатика (Елизабета Лазаревска).
38. Одлука за усвојување Пријава за тема на дипломски труд „Инфраструктура на информациската технологија ИТ и новите технологии“ од студент на прв циклус студии на Факултет за информатика (Адријана Коцева).
39. Одлука за усвојување Пријава за тема на дипломски труд „Онлајн системи за плаќање“ од студент на прв циклус студии на Факултет за информатика (Сања Петровска).
40. Одлука за усвојување Пријава за тема на дипломски труд „Ранливост на напади на бежични локални мрежи” од студент на прв циклус студии на Факултет за информатика (Коце Ѓеоргиев).

***2. Дневен ред на 98. седница на ННС, одржана на 25.11.2014 година:***

- *Усвојување на записник од 97. седница*
- Одлуки

1. Одлука за избор на асистент-докторанд за научната област информациони системи и мрежи и информациони системи и програмирање на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип по објавен реферат во Универзитетски билтен број 135 од 3.11.2014 година.
2. Одлука за избор на асистент-докторанд за научна област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип по објавен реферат во Универзитетски билтен број 135 од 3.11.2014 година.
3. Одлука за избор на асистент-докторанд за научна област математика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип по објавен реферат во Универзитетски билтен број 135 од 3.11.2014 година.
4. Одлука за промена на член на Наставно-научен совет на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

5. Одлука за усвојување на Извештај од Комисија за оценка и одбрана на магистерски труд на студент на втор циклус студии (Мирјана Коцалева).
6. Одлука за прифаќање на Пријава за научноистражувачки проект под наслов „Истражување и развој на геоинформационен систем на Универзитетот 'Гоце Делчев'".
Во 2014/2015 година како штетник со зголемена бројност кај пиперката и доматите беа трипсите, на отворено преовладуваше тутуновиот трипс, во заштитен простор преовладуваше калифорнискиот трипс. Посебно треба да се нагласи константната висока бројност во заштитен простор како штетник на доматите и краставицата на оранжериската белокрилка. Во 2014/2015 година појава со висок интензитет имаше на штетниците – пченков пламенец, памуковата совица, лисните вошки.

**Оддел за контрола на квалитет на храната**

Одделот за контрола на квалитет на храната располага со еден потенциостат Autolab 128 N, еден Palmsense микропотенциостат, микробранова печка, ранцимат Methrom - инструмент за мерење на стабилноста на маслата, а во постапка е и набавка на дополнителна опрема за анализа на вино, како и автоматски потенциометриски титратор. Главните цели на Одделот за контрола на квалитетот на храната се испитување на квалитативниот и квантитативниот состав на масло и производи од масло, релевантни параметри за квалитетот на виното (содржина на алкохол содржина на шеќери, содржина на слободни киселини содржина на тешки метали, содржина на атниоксиданти...). Покрај тоа, со помош на електрохемиските инструменти се испитуваат хемиските својства на голем број токсични материи присутни во храната (афлатоксини, гиберилинска киселина), потоа својствата на голем број на антиоксиданти (полифеноли, деривати на Coenzyme Q). Притоа, главен акцент се става на идентификација на механизмот на влијание на испитуваните компоненти присутни во храната во човечкиот организам. Многу скоро, во рамките на овој оддел ќе биде набавен и високопритисочен течен хроматограф и дополнителна инструментација за анализа на млеко и млечни производи. Овој оддел располага и со микробранова печка, која е во функција на минерализација на органски и неоргански примероци и нивно преведување во раствори, чиј елеменатрен состав потоа се испитува со помош на атомска спектроскопија. Целата палета на инструментални методи во Одделот за контрола на квалитетот на храната е во функција на обезбедување на предуслови за проценка на квалитетот на храната.

Во делот за анализа на масла за јадење, активностите беа фокусирани на анализа на следниве параметри:

1. Определување на оксидативна активност на прехранбени масла
2. Определување на густина на прехранбени масла
3. Определување на киселински број на прехранбени масла
4. Определување на јоден број на прехранбени масла
5. Определување на пероксиден број на прехранбени масла

6. Определување на алкалност на прехранбени масла
7. Определување на сапунификациски број
8. Определување на индекс на рефракција

Во овој оддел, исто така, се изведуваат анализи и контрола на квалитет на вина. Во текот на 2014/2015 година, во Одделот за контрола на квалитет на вина активно се применуваат следните методи за анализа на вино:

1. Определување на алкохол
2. Определување на сув екстракт
3. Определување на специфична тежина
4. Определување на $SO_2$ (слободен и вкупен)
5. Определување на вкупни киселини
6. Определување на испарливи киселини
7. Определување на редуцирачки шеќери
8. pH
9. Мултиелементна анализа на вина
10. Микробиолошка анализа на вино

Методите од 1-9 се оптимизирани и валидизирани, со определување на точност, повторливост и мерна неодреденост. Методите 1-9 се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Р. Македонија согласно со меѓународниот стандард ISO/IEC 17025 и успешно се применуваат за контрола на квалитет на вина пред ставање во промет и вина наменети за извоз. Во 2015 година Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија доби Решение за овластување на лабораторија за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет.

Вработените во Одделот за контрола на квалитетот на храната во 2014-2015 година реализираа повеќе престои во странски научни институции од Германија, Романија, Унгарија, Србија, Шпанија, Турција и Бугарија.

### 2.2. Катедра за растително производство

На Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, од неговото основање во 2007 година во континуитет, како организациона единица постои и активно работи Катедрата за растително производство. На катедрата се вработени двајца редовни професори, тројца вонредни професори и еден доцент, сите бирани во потесни научни

подрачја во научната област - растително производство. Примарна задача и обврска на Катедрата за растително производство е да ги развива и пренесува знаењата на современ начин, заради квалитетно образование на студентите од 1, 2 и 3 циклус студии.

Во Катедрата за растително производство наставно - научничкиот кадар го сочинуваат:

1. **Редовен професор, проф. д-р Љупчо Михајлов – раководител на Катедрата**
2. Редовен професор, проф. д-р Верица Илиева
3. Вонреден професор, проф. д-р Милан Ѓорѓиевски
4. Вонреден професор, проф. д-р Драгица Спасова
5. Вонреден професор, проф. д-р Мите Илиевски
6. Доцент, д-р Наталија Маркова-Руждиќ.

Редовното одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип, во текот на 2014/2015 година, е приоритетна активност на професорите од оваа катедра.

Дел од вработените, освен работните обврски кои ги извршуваат во рамките на катедрата, исто така, учествуваат и во работата на останатите организациони единици (катедри, лаборатории), како и во органите на управување и одлучување на Земјоделскиот факултет и Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип. Целокупниот кадар од оваа катедра континуирано е вклучен и во бројни тековни прокетни и научноистражувачки активности.

Со научноистражувачката работа се остварува мисијата на Катедрата за развој на регионот преку пренесување на современите сознанија на студентите и земјоделците, развој на истражувања и пренесување на сознанија и техники кои се релевантни за производството и менаџментот на економски важните растителни видови, менаџмент на почвата и водените ресурси на одржлива основа.

Врз база на добиените резултати од досегашните истражувања на кандидатите од II и III циклус постојано се спроведуваат активностите од областа на селекционирање и хибридизација на растенијата во правец на создавање на нови сорти, особено на јачмен, пченица и соја.

Во текот на академската 2014/2015 година, во рамките на наставно-образовната дејност, Катедрата за растително производство се здоби со уште еден доктор на биотехнички науки од областа на растителното производство. Во март 2015 година, кандидатката м-р Наталија Маркова-Руждиќ, студент на трет цилкус студии, успешно ја одбрани докторската дисертација со наслов „Карактеризација на есенски форми јачмен (Hordeum vulgare L.) од различно географско потекло” и се стекна со

научен назив доктор на биотехнички науки – растително производство. Докторската дисетација беше работена под менторство на проф. д-р Љупчо Михајлов, со поставување на полски опити на два локалитети (Овче Поле и Струмица) и лабораториски анализи заради полифакторијални испитувања на 37 есенски форми на двореден јачмен. Темата на докторската дисертација е економски значајна, актуелна и интересна како од научен аспект, така и од аспект за развојот на земјоделското производство во Република Македонија. Во оваа докторска дисертација, кандидатката Маркова-Руждиќ извршила проучување на биолошките, морфолошките и продуктивните карактеристики на испитуваните генотипови јачмен кои имаат различно географско потекло. Еден од главните заклучоци до кои доаѓа кандидатката е посочување на генотиповите кои се најсоодветни за директно одгледување во двата локалитета, согласно со климатските услови во нив и истовремено ги предлага генотиповите кои во иднина би можеле да бидат искористени како родителски форми за создавање на нови крстоски, односно нови домашни генотипови кои би биле попродуктивни, поквалитетни и поотпорни на биотски и абиотски фактори на стрес од веќе постоечките сорти.

Во рамките на активностите на Катедрата за растително производство е одржувањето и обновувањето на генетските ресурси од растителен материјал кој се чува и одржува во коморите во ген-банката во кампусот во Струмица.

Посебен акцент на активностите и истражувањата во рамките на активностите на Катедрата за растително производство се дава на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство.

Катедрата за растително производство веќе ги прави првите теренски активности за организирање на производство на посадочен и семенски материјал од ароматично-зачински и алтернативни растенија, според принципите на органското растително производство.

Континуирано професорите и соработничкиот кадар од Катедрата за растително производство активно учествуваат на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми, конгреси и други манифестации, со пријавување и презентирање на трудови од сопствени научни истражувања, со цел нивно објавување во престижни меѓународни списанија.

Катедрата за растително производство во текот на извештајниот период имаше голем број на активности на домашни и интернационални манифестации и конгреси од областа на растителното производство и биотехнологијата. Во поединечните годишни извештаи на професорите и соработничкиот кадар, за извештајниот период, може да се видат нивните активности од областите на издавачка дејност, учество и раководење со проекти, објавени трудови, учество на симпозиуми, конгреси, семинари, работилници, студиски патувања и сл.

Проф. д-р Љупчо Михајлов, проф. д-р Верица Илиева и доцент д-р Наталија Маркова-Руждиќ од Катедрата за растително производство, деканот на Земјоделски факултет, проф. д-р Илија Каров, доцент д-р Емилија Костадиновска и м-р Биљана Ковачевиќ од Катедрата за заштита на растенијата, во периодот од 3 – 5 јуни 2015 година оствarија посета на Институтот по земјоделие во Карнобат, Република Бугарија, при што беа презентирани научни трудови на Јубилејната конференција по повод 90-годишнината од основањето на Институтот.

Со Решение бр. 0701-372/18 од 10.3.2014 година од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа за финансирање на научноистражувачки проекти за 2014 година, одобрено е финансирање на научноистражувачкиот проект „Процена на различни генотипови полјоделски култури во системот на органско земјоделско производство“. Носител на активностите предвидени по овој проект е Катедрата за растително производство, главен истражувач е проф. д-р Љупчо Михајлов. Проектните активности предвидени по овој проект продолжија и во текот на 2015 година.

Проектните активности по проектот „Улогата на симбиотската азотофиксација кај сојата и можноста за отстранување на тешки метали од почвата“, чиј главен истражувач е проф. д-р Љупчо Михајлов од Земјоделскиот факултет, Катедра за растително производство, продолжија и во текот на 2015 година. Освен спроведените тековни теренски и лабораториски истражувања по проектот во периодот од 3 – 12 април 2015 г. во нашата држава, оствaрија посета партнерите во овој билатерален проект, тројца професори од Кина: проф. д-р Shuhe Wei, проф. д-р Qianru Zhang и пПроф. д-р Zhou Qixing, членови на проектот од кинеска страна. Партнерите оствaрија посета на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и на други научни институции во Република Македонија. Во периодот на посетата разменивме информации и направивме анализи и евалуација на добиените резултати од спроведените досегашни проектни активности од двете страни. Исто така, извршивме подготовка и разработка на добиените резултати, нивна анализа и проценка со цел објавување на оригинални научни трудови во престижни домашни и меѓународни списанија од оваа област.

Освен гореспоменатите проекти од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа при УГД, за финансирање на научноистражувачки проекти за 2015 година во рамките на Катедрата за растително производство, одобрено е финансирање и на научноистражувачки проекти и тоа: „**Колекционирање, карактеризација и евалуација на домашна и странска герм плазма од ориз**“ - главен истражувач проф. д-р Верица Илиева;

**„Органско производство на пролетен овес: потребни сортни карактеристики“** - главен истражувач проф. д-р Драгица Спасова;

**„Можности за одгледување на здружени посеви во поледелското производство “** - главен истражувач проф. д-р Мите Илиевски.

Проектните активности предвидени по овие проекти редовно се извршуваа во текот на 2015 година.

На Катедрата за растително производство, во учебната 2014 – 2015 година на II циклус студии се запишани 6 кандидати, кои редовно ги спроведуваат предвидените активности поврзани со студиите од II циклус.

Кандидатката на III циклус Оливера Бичиклиски, во текот на мај – јуни 2015 година (трета година на испитување), постави полски опит на локалитетот Камник кај Скопје, на органски сертифицирана земјоделска обработлива површина. Исто така, и овој полски опит каде што компаративно (органски и конвенционално) се испитуваат 6 домашни и странски автохтони сорти пиперка, успешно е реализиран, завршена е статистичка и лабораториска обработката на добиените резултати.

Професорите: проф. д-р Љупчо Михајлов и проф. д-р Милан Ѓеорѓиевски од Катедрата за растително производство и во текот на 2015 година учествуваа во спроведување на стручна контрола на семенски посеви. Стручната контрола се изведуваше преку теренски активности со 2 контролни прегледа во текот на вегетацијата на семенските посеви на пријавените површини. Врз база на контролните теренски посети се изготвувани записници и сертификати за состојбата со посевите на местото на одгледување на семенските културни растенија. Прегледите се спроведуваа на повеќе земјоделски фирми на територијата на целата држава (Овче Поле, Пробиштипско, Стумичко и Пелагонија - Битолско) регистрирани за семе  производство.

Проф.д-р Верица Илиева и асс. м-р Наталија Маркова од Катедрата за растително производство, активно се вклучени во работата на Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Оддел за квалитет на семе и саден материјал.

Во текот на извештајниот период во рамките на Катедрата за растително производство имаше избор во повисоко звање од асистент во доцент на д-р Наталија Маркова-Руждиќ.

Активностите на Катедрата за растително производство во периодот што следува ќе бидат насочени кон продолжување на на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип. Во годината што следува, континуирано ќе продолжат планираните активности по тековните научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на Катедрата

за растително производство. Нови апликации со предлог-проекти, по повод различни повици од домашни и странски донатори исто така ќе бидат предмет на редовни активности на вработените во катедрата за растително производство. Активностите за спроведување на студентската практична работа, со зголемен интензитет и континуитет, во поголем број на соодветни земјоделски фирми и компании кои и официјално ќе бидат објавени, ќе бидат една од редовните обврски на професорите од Катедрата за растително производство и во наредниот период. Врз база на добиените резултати од досегашните истражувања на кандидатите од II и III циклус ќе продолжат активностите од областа на селекционирање и хибридизација на растенијата во правец на создавање на нови сорти, особено на јачмен и соја. Редовните активности за спроведување на полски и лабораториски истражувања од областа на одржување на сортите земјоделски растенија во континуитет ќе се спроведуваат. Во периодот што следува посебен акцент на активностите и истражувањата ќе биде даден на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство.

Во следната година се планира посета на повеќе меѓународни конференции, симпозиуми и други манифестации, со пријавување и презентирање на трудови од сопствени научни истражувања на професорите од Катедрата за растително производство.

### 2.3. Катедра за прехранбена технологија и преработка на анимални производи

Во учебната 2014/2015 година, вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии беа активно вклучени и во голем број проекти и научноистражувачки активности. Наставничкиот и соработничкиот кадар од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи имаше поголем број презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на прехранбената технологија и преработката на анимални производи. Проф. д-р Ацо Кузелов учествуваше на мегународни научна конференцијии во Бугарија. Проф. д-р Виолета Иванова Петропулос учествуваше со свои презентации на неколку конгреси и симпозиуми во Македонија, Словачка, Романија, Унгарија.

Вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус

на студии. Освен тоа, проф. Ацо Кузелов изведуваше настава и на Факултетот за туризам и бизнис логистика, доцент д-р Виолета Иванова Петропулос на Факултетот за природни и технички науки, Технолошко-технички факултет и Факултетот за медицински науки. Доц д-р Сања Костадиновскиќ-Величковска изведуваше настава и на Факултетот за медицински науки. Доцент д-р Фиданка Илиева има издадено еден учебник од областа на енологијата во Германија.

Вработените од катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни истражувачи и истражувачи. На катедрата во изминатата година дипломираа 25 студенти на модулот Енологија и модулот преработка на земјоделски производи. Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 4 труда се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија.

### 2.3. Катедра за наука на земјиштето и хидрологија

Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија претставува дел од Земјоделскиот факултет при УГД - Штип, со примарна цел да го испитува составот и квалитетот на земјиштето, како и квалитетот на водите и водните системи што се користат за наводнување на земјиштето. Науката за земјиштето и хидрологијата е круцијален сегмент во земјоделието што значајно придонесува за правилен развој на земјоделските растителни култури.

Научноистражувачката работа во рамките на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет е фокусирана врз испитувањето на составот и квалитетот на почвите и на составот и квалитетот на водите. Бидејќи производството на здрава и квалитетна храна станува еден од приоритетите на глобално ниво, во иднина голем дел од научноситражувачките глобални проекти ќе бидат насочени токму кон полето на производство на квалитетна здрава храна. Истражувањата на нашата катедра, главно, се одвиваат преку Лабораторијата за заштита на околината и животната средина, со цел да се дадат релевантни податоци за квалитетот на почвите и да се предложат мерки за подобрување на квалитетот на земјиштето. Притоа, крајната цел на научноистражувачката работа е да се произведе здрава храна, да се зголеми квалитетот и да се зголемат приносите на земјоделските култури. Сите овие цели на нашата катедра се реализираат преку тим составен од стручњаци во подрачјето на науката за земјиштето и хидрологијата, кои на располагање имаат врвна модерна инструментација.

Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија е отворена за комуникација со млади кадри заинтересирани да ги изработуваат своите магистерски и докторски дисертации во рамките на нашата катедра на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип. Притоа, важно е да се нагласи дека на нашата катедра постојат двајца професори што веќе ги исполнија условите да бидат ментори на докторанди и во моментов може да бидат запишани вкупно шест докторски кандидати на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија. Воведувањето на нови методологии за испитувањето на квалитетот на почвите и водите, како и студирањето на интеракциите помеѓу одделните составни компоненти присутни во овие медиуми и нивните ефекти врз околината и врз физиолошките карактеристики на растенијата ќе бидат главните предизвици на нашата катедра во иднина.

Раководител на Катедрата е **редовен проф. д-р Рубин Гулабоски**.

### 2.5. Катедра за лозарство и овоштарство

Во учебната 2014/2015 година, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа ангажирани во редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип во првиот и вториот циклус студии. Притоа, наставничкиот кадар од Катедрата за лозарство и овоштарство имаше неколку презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на лозарството. Проф. д-р Виолета Димовска учествуваше со свои презентации на симпозиуми и конгреси.

Покрај овие активности, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од модулот Лозарство од првиот циклус студии.

Од стручната дејност, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство во учебната 2014/2015 година имаат издадено универзитетски учебник со наслов „*Производство на лозов саден материјал*”, ISBN 978-608-244-040-8, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за лозарство и овоштарство при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 2 труда се публикувани во списанија со импакт фактор, 2 во меѓународни списанија и 4 труда во зборници од меѓународни научни собири (конгреси, симпозиуми).

### 2.6. Катедра за растителна биотехнологија

Како наставно-научна организациона единица во состав на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, согласно со чл.131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Наставно - научниот совет на својата 100. редовна седница одржана на 16.5.2014 година донесе Одлука бр. 1802-211/9 од 20.5.2014 год. за формирање на Катедра за растителна биотехнологија.

Катедрата има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со Закон, со Статутот на Универзитетот и Правилникот за внатрешни односи и работење на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

За раководител на Катедрата е избрана **проф. д-р Лилјана Колева-Гудева.**

Наставниците и соработниците од Катедрата за растителна биотехнологија се вклучени во наставата за додипломски, постдипломски и докторски студии при Земјоделски факултет во соодветните наставни области, применета работа и научноистражувачки проекти од областа на растителната биотехнологија.

Катедрата врши образовни, научноистражувачки и апликативни активности со користење на современи техники и методи тоа:

- разработува и воведува нови методи за микропропагација на растителни видови;
- врз основа на добиените резултати од анализите за микропропагација, предлага мерки за ефикасна адаптација и аклиматизација на *in vitro* регенерантите;
- предлага економски мерки за развојот на земјоделската биотехнологија;
- активно соработува со земјоделците и стручните лица во областа на комерцијалната биотехнологија и воопшто примената на биотехнолошките методи во современото земјоделско производство;
- изготвува програми и елаборати со цел да се овозможи правилен развој и примена на растителната биотехнологија;
- врши дисеминација на знаењето од областа на растителната биотехнологија во научни списанија, интерпретација на добиените резултати, и предлагање на користење на соодветни биотехнолошки методи во подобрувањето на постоечкиот генофонд на земјоделските култури;
- воспоставува добра лабораториска пракса преку соработка со слични по дејност институции и преку размена на кадар.

Катедрата за растителна биотехнологија научноистражувачката работа на катедрата ја фокусира кон лабораториски, но исто така и кон

теренски истражувања, за оддржлив развој на растителна биотехнологија и современото земјоделско производство, а со главна цел за:

- создавање на нови сорти на земјоделски растенија по пат на микропропагација и други биотехнолошки методи, соодветни за агроклиматските услови каде што ќе се одгледуваат;
- објавување на врвни резултати и сознанија од истражувањата во научни и стручни списанија во земјава и во странство;
- имплементација на прогресивни наставни програми од сите три циклуси на студии, согласно со потребите на пазарот на трудот во државата, а и во регионот;
- поддршка на научната заедница и служење на пошироката јавност.

Овие активности се реализираат преку апликативни или научноистражувачки домашни и меѓународни проекти. Со научно-истражувачката работа се остварува мисијата на катедрата за развој на регионот преку пренесување на современите сознанија на студентите и земјоделците, развој на истражувања и пренесување на сознанија и техники кои се релевантни за производството и менаџментот на економски важните растителни видови. Биотехнологијата е мултидисциплинарна наука и вклучува различни природни науки, како: клеточната и молекуларната биологија, микробиологијата, генетиката, физиологијата и биохемијата, исто така и инженерството и компјутерските науки. Мудрата употреба на модерната биотехнологија подразбира побезбедни агрономски практики, како и конзервација и употреба на автохтона гермплазма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 31. седница одржана на 23.6.2014 година донесува Решение за акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија за прв циклус студии, четиригодишна студиска програма на Земјоделскиот факултет при УГД бр. 12-97/2 од 4.7.2014 година. За оваа студиска програма Решението за почеток со работа бр. 13-12145/4 Министерството за образование и наука на Република Македонија го издава на 5.8.2014 година.

Акредитираната студиска програма Растителна биотехнологија за прв циклус студии е распишана на Конкурсот за упис на студенти на Земјоделски факултет за академската 2015/2016 година во наставните центри во Штип и Струмица.

**Лабораторијата за растителна биотехнологија** функционира во склопот на Катедрата за растително производство, а главни перспективи кои ќе се одвиваат во лабораторијата се:

- производство на безвирусен посадичен и семенски материјал;
- клонска *in vitro* микропропагација на стопански важни култури;
- комерцијална *in vitro* микропропагацина;
- современо семепроизводство.

## 3. Извештај од одржаните седници на наставно-научните совети

### Одржани седници со дневен ред

***Дневен ред на 103. седница на ННС, одржана на 17.10.2014 год.:***

-Усвојување на записник од 102. седница на Наставно - научен совет

1. Донесување Предлог - одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Лозарско производство на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Донесување Одлука за усвојување на Предлог - годишен план и програма за издавачка дејност на единицата на УГД;
3. Донесување Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работење на Земјоделскиот факултет;
4. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Агроекологија“ од авторите проф. д-р Лилјана Колева- Гудева, проф. д-р Љупчо Михајлов и доц. д-р Фиданка Трајкова;
5. Донесување Предлог - одлука за ангажирање на визитинг професор академик д-р Драган Шкориќ од Нови Сад за учебната 2014/2015 година;
6. Донесување Предлог - одлука за ангажирање на д-р Јовица Васин од Нови Сад за учебната 2014/2015 година;
7. Донесување Одлука за ангажирање на волонтери на Земјоделски факултет во учебната 2014/2015 година;
8. Донесување Одлука за покриеност на наставата по стара студиска програма за студентите кои презапишуваат година во Струмица и во Свети Николе;
9. Донесување Одлука за ангажирање на проф. д-р Стефче Пресилски во зимски семестар, учебна 2014/2015, по преметот Традиционални млечни производи;
10. Донесување Одлука за прифаќање на теми за дипломски труд и завршен испит за учебната 2014/2015 година;
11. Донесување Одлука за формирање на комисии за комисиско полагање на испити по предмети од прв циклус студии;
12. Донесување Одлука за ангажман на наставник Виктор Баџуков за реализација на предметот Спорт и рекреација на Земјоделски факултет во наставен центар Струмица;
13. Донесување Одлука за ангажман на наставник Сашко Калеов за реализација на предметот Спорт и рекреација на Земјоделски факултет во наставен центар Кавадарци;

14. Донесување Одлука за ангажман на наставник Славе Димитриоски за реализација на предметот Спорт и рекреација на Земјоделски факултет во наставен центар Прилеп;
15. Одлука за поништување на Одлука со бр. 1802-127/11 од 1.4.2014 г. за промена статус на студирање од редовен во вонреден студент;
16. Разни барања и молби од вработени;
17. Разни барања и молби од студенти на прв циклус студии;
18. Разни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

***Дневен ред на 104. седница на ННС, одржана на 7.11.2014 год.:***

1. Донесување Предлог-одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Хемија на земјиштето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Донесување Предлог-одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Педологија на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Донесување Предлог-одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Генетка и селекција на растителното производство на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
4. Донесување Предлог-одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во насловно звање за наставно-научната област Нематологија;
5. Донесување Предлог-одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Економика на земјоделството и развој;
6. Донесување Одлука за усвојување на Годишен извештај за учебната 2013/2014 г. за работата на деканот на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип;
7. Донесување Одлука за усвојување на Правилник за организација и работа на катедрата за растителна биотехнологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип;
8. Донесување Одлука за давање согласност и одобрување на апликација за финансирање на научно – истражувачки проект со наслов „Патогени габи на пченицата и јачменот во Република Македонија и можности за заштита“- главен истражувач проф. д-р Илија Каров;
9. Донесување Одлука за давање согласност и одобрување на апликација за финансирање на научноистражувачки проект со наслов

„Ентомофауна  кај домати во заштитен простор при конвенционално и интегрално производство“ - главен истражувач проф.  д-р Душан Спасов;

10. Донесување Одлука за давање согласност и одобрување на апликација за финансирање на научноистражувачки проект со наслов „Можности за одгледување на здружени посеви во поледелското производство“- главен истражувач  проф.  д-р Мите Илиевски;
11. Донесување Одлука за давање согласност и одобрување на апликација за финансирање на научноистражувачки проект со наслов „Органско производство на пролетен овес: „Потребни сортни карактеристики“ - главен истражувач проф. д-р Драгица Спасова;
12. Донесување Одлука за давање согласност и одобрување на апликација за финансирање на научноистражувачки проект со наслов „Органско производство на пролетен јачмен: „Микропропагација на аромотични и медицински растенија “ - главен истражувач доц.д-р Фиданка Трајкова;
13. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебник со наслов „Механизација – општ дел “ од авторите проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
14. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебник со наслов „Механизација – специјален дел“ од авторите проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
15. Донесување Одлука за назначување на ментори на генерациите од прв циклус студии на Земјоделски факултет во Штип, Струмица, Кавадарци и Прилеп;
16. Донесување Одлука за формирање на комисија за наставни прашања на Земјоделски факултет во наставен  центар Прилеп;
17. Разни барања и молби од вработени;
18. Разни барања и молби од студенти на прв циклус студии;
19. Разни барања и молби од студенти на втор циклус студи.

***Дневен ред на 105. седница на ННС, одржана на 9.12.2014 год.:***

-Усвојување на записник од 103. и 104. седница на Наставно - научен совет

1. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по Конкурсот од 19.11.2014 г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Хемија на земјиштето;
2. Донесување Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Хемија на земјиштето;

3. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 19.11.2014 г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Педологија;
4. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебно помагало со наслов „Основи на биохемија за студентите на Земјоделски факултет“ од авторите проф. д-р Рубин Гулабоски, проф.д-р Лилјана Колева- Гудева и асс.д-р Биљана Балабанова;
5. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебно помагало со наслов „Практикум по биохемија“ за студентите на Земјоделски факултет“ од авторите проф. д-р Рубин Гулабоски, проф.д-р Лилјана Колева- Гудева и асс.д-р Биљана Балабанова;
6. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебник со наслов „Традиционални месни производи“ од авторот проф. д-р Ацо Кузелов;
7. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало со наслов „Ботаника – скрипта“ за студентите на Земјоделски факултет“ од авторите проф. д-р Верица Илиева, проф.д-р Драгица Спасова и асс.м-р Наталија Маркова Руждиќ;
8. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало со наслов „Практикум по ботаника“ за студентите на Земјоделски факултет“ од авторите проф. д-р Верица Илиева, проф.д-р Драгица Спасова и асс.м-р Наталија Маркова Руждиќ;
9. Донесување одлука за давање согласност и одобрување на апликација за финансирање на научноистражувачки проект со наслов „Изолација и селекција на квасци од Тиквешкиот регион и нивна примена за производство на црвени вина“ - главен истражувач доц. д-р Фиданка Илиева;
10. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1801-33/817 од Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина;
11. Донесување Одлука за одобрување на Барање бр. 1801-33/819 од Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина;
12. Донесување Одлука за усвојување на распоредот за летен семестар 2014/2015 година на Земјоделски факултет;
13. Донесување Одлука за дополнување на Одлука бр.1802-433/12 од 17.10.2014 г.;
14. Донесување Одлука за запишување на студенти на втор циклус студии во учебната 2014/2015 година;
15. Разни барања и молби од вработени;
16. Разни барања и молби од студенти на прв циклус студии;
17. Разни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

***Дневен ред на 106. седница на ННС, одржана на 23.1.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 105. седница на ННС

1. Донесување Предлог-одлука за покренување на постапка за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Заштита на растенијата на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Донесување Одлука за усвојување на барањето за издавање на скрипта со наслов „Заштита на животната средина“ од авторите проф. д-р Саша Митрев, редовен професор на Земјоделски факултет и асс. д-р Емилија Костадиновска, асистент на Земјоделскиот факултет;
3. Донесување Одлука за утврдување на членови на Наставно-научен совет во летниот семестар, учебна 2014/2015 година;
4. Донесување Одлука по Барање бр. 0801-2/1 за изменување и дополнувањена Одлука со дел.бр. 1802-456/6 и Одлука со дел.бр. 1802-456/7 од 7.11.2014г. поднесено од проф.д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
5. Разни барања од вработени;
6. Разни барања од студенти на прв циклус студии.

***Дневен ред на 107. седница на ННС, одржана на 16.2.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 106. седница на ННС

1. Донесување Одлука за покренување на постапка за распишување на Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Сензорна и аналитичка евалуација на вино (ш. 40602).
2. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по Конкурсот од 7-8.2.2015 година г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Вируси;
3. Донесување Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Вируси;
4. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Механизација – општ дел“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов;
5. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Механизација – специјален дел“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
6. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебно помагало/скрипта со наслов „Заштита на животната средина“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и асс.д-р Емилија Костадиновска;
7. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебник со наслов „Мелиорации и наводнување“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;

8. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало / практикум со наслов „Практикум по фитопатологија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска;
9. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало / скрипта со наслов „Заштита при работа во лабораторија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска;
10. Донесување Одлука за усвојување на Извештајот за веродостојност на презентираните податоци за користење на принципот на флексибилно работно време (ФРВ) од наставниците на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
11. Донесување Одлука за назначување на асс.д-р Емилија Костадиновска за администратор на годишниот зборник на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
12. Разни барања од вработени;
13. Разни барања од студенти на прв циклус студии;
14. Разни барања од студенти на втор циклус студии.

***Дневен ред на 108. седница на ННС, одржана на 27.2.2015 год.:***

1. Донесување Одлука за утврдување на предлог на членови на Универзитетски сенат од Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Донесување Одлука за избор на членови на комисија за спроведување на тајно гласање за избор на двајца членови во Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Донесување Одлука за избор на двајца членови, претставници од Земјоделски факултет во Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
4. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Традиционални месни производи“ од авторот проф. д-р Ацо Кузелов;
5. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебно помагало со наслов „Практикум по фитопатологија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и асс. д-р Емилија Костадиновска.

***Дневен ред на 109. седница на ННС, одржана на 18.3.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 107. седница на ННС

1. Донесување Одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Хемија на земјиштето;
2. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“

на 7.3.2015 година г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Сензорна и аналитичка евалуација на вино;
3. Донесување Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Сензорна и аналитичка евалуација на вино;
4. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Мелиорации и наводнување“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
5. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебно помагало/практикум со наслов „Практикум по ботаника за студентите на Земјоделски факултет“ од авторите проф. д-р Верица Илиева, проф.д-р Драгица Спасова и асс.мр Наталија Маркова Руждиќ;
6. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебно помагало/скрипта со наслов „Ботаника – скрипта за студентите на Земјоделски факултет“ од авторите проф. д-р Верица Илиева, проф.д-р Драгица Спасова и асс.мр Наталија Маркова-Руждиќ;
7. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало / практикум со наслов „Производство на екстракти од растително потекло“ од авторот доц. д-р Сања Костадиновиќ-Величковска;
8. Донесување Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебник со наслов „Процесна техника (прв дел – енологија)“ од авторот проф.д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
9. Донесување Одлука за усвојување на Годишен извештај за научноистражувачкиот македонско-кинески проект со наслов „Улогата на симбиотската азотификација кај сојата и можноста за отстранување на тешки метали од почвата“;
10. Донесување Одлука за дополнување на Одлука бр. 1802-239/14 од 20.12.2011 г. за утврдување на составот на комисија за проверка на учебници и учебни помагала од македонски автори кои се користат на Земјоделскиот факултет;
11. Донесување Одлука за назначување на раководител за организирање на практичната настава за студентите од прв циклус студии на Земјоделскиот факултет во наставен центар Прилеп;
12. Донесување Одлука за одобрување на барање за отсуство бр. 0801-2/7 од 12.3.2015 г. поднесено од виш лаборант м-р Васко Златковски;
13. Разни барања од студенти на прв циклус студии;
14. Донесување Одлука за оправдување на непокриените предмети со предметен наставник во е-индекс.

***Дневен ред на 110. седница на ННС, одржана на 7.4.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 108. седница на ННС

1. Донесување Одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Генетика и селекција на растителното производство;
2. Донесување Одлука за поништување на Одлука со дел. бр. 1802-54/5 од 30.1.2014 година за ангажирање на проф. д-р Татјана Миткова од Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
3. Донесување Одлука за назначување на доц. д-р Фиданка Трајкова за предметен наставник и покривање на наставата по предметот Педологија во сите наставни центри на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
4. Донесување Одлука по Барање бр. 0801-2/11 од 30.3.2015 г. поднесено од проф. д-р Љупчо Михајлов;
5. Донесување Одлука по Барање за отсуство бр. 0801-2/12 од 3.4.2015 г. поднесено од асс. д-р Емилија Костадиновска.

***Дневен ред на 111. седница на ННС, одржана на 5.5.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 109. и 110. седница на ННС

1. Донесување Одлука за утврдување на предлог-кандидат за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Донесување Одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Вируси;
3. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха на ден од 21.04.2015 година за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Генетика и селекција на растителното производство;
4. Донесување Одлука за формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Генетика и селекција на растителното производство;
5. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Процесна техника - прв дел енологија“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
6. Донесување Одлука за усвојување на Барање за рецензирање на учебно помагало/Практикум со наслов „Месо и преработки од месо“ од проф. д-р Ацо Кузелов;
7. Донесување Одлука по Барање за бр. 0801-2/14 од 28.4.2015 г. поднесено од проф. д-р Лилјана Колева - Гудева:
8. Донесување Одлука по Барање за бр. 0801-2/15 од 29.4.2015 г. поднесено од доц. д-р Виолета Иванова Петропулос за отсуство во Печ, Унгарија;

9. Донесување Одлука по Барање бр. 0801-2/17 од 30.4.2015 г. поднесено од група наставници за отсуство во Стара Загора, Бугарија;
10. Донесување Одлука по Барање бр. 0801-2/18 од 30.4.2015 г. поднесено од проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов и доц.д-р Виолета Иванова Петропулос за отсуство во Нови Сад;
11. Разни барања од студенти на прв циклус студии.

***Дневен ред на 112. седница на ННС, одржана на 26.5.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 111. седница на Наставно-научен совет;

1. Донесување Одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Сензорна и аналитичка евалуација на вино;
2. Донесување Одлука за покриеност на наставата на прв циклус студии за зимски и летен семестар во учебната 2015/2016;
3. Донесување Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот објавен во дневните весници Утрински весник, Нова Македонија и Коха на ден 14.3.2015 година за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Ентомологија;
4. Разни барања и молби од вработени;
5. Разни барања и молби од студенти на прв циклус студии;
6. Разни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

***Дневен ред на 113. седница на ННС, одржана на 30.6.2015 год.:***

- Усвојување на записник од 112. седница на Наставно-научен совет

1. Донесување Одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Генетика и селекција на растителното производство;
2. Донесување Одлука за усвојување на извештајот/рецензија за практикумот со наслов „Практикум по производство на екстракти од растително потекло“ од авторот доц. д-р Сања Костадиновиќ Величковска;
3. Донесување Одлука за формирање на конкурсни комисии од **Земјоделски факултет** при уписот на студентите во прв циклус студии за учебната 2015/2016 година;
4. Донесување Одлука за формирање на конкурсна комисија за запишување на студенти на универзитетски академски (стручни) студии од втор циклус во учебната 2015/2016 година;
5. Донесување Одлука за утврдување на избор на раководители на катедрите на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
6. Донесување Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската

комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Ленче Рунтева;
7. Донесување Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Ајља Максуд;
8. Разни барања и молби од вработени;
9. Разни барања и молби од студенти на прв циклус студии.

***Дневен ред на 114. седница на ННС, одржана на 8.7.2015 год.:***

1. Донесување Одлука за покренување на постапка избор на декан на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Дневен ред на 115. седница на ННС, одржана на 26.8.2015 год.:***

- Усвојување на Записник од 113. и 114. седница

1. Донесување Одлука за утврдување на еден или повеќе кандидати за избор на декан на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
2. Донесување Одлука за утврдување на предлог кандидати за избор на проректори на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Донесување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за покривање на наставата во прв циклус студии за учебната 2015/2016 година;
4. Донесување Одлука за покривање на наставата во втор циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 2015/2016 г.;
5. Донесување Одлука за покривање на наставата на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 2015/2016 г.;
6. Донесување Одлука за утврдување на членови на наставно - научен совет за зимскиот семестар во учебната 2015/2016 година;
7. Донесување Одлука за прифаќање на пријава за проектот со наслов „Испитување на потенцијалот на енергетски целулозни култури во регионот на Пелагонија - Р. Македонија во тек на 2015 година“, главен истражувач проф. д-р Илија Каров;
8. Донесување одлуки по разни барања од вработени;
9. Донесување одлуки по разни барања од студенти во прв циклус студии;
10. Донесување одлуки по разни барања од студенти во втор циклус студии.

***Дневен ред на 116. седница на ННС, одржана на 14.9.2015 год.:***

1. Донесување Одлука за усвојување на извештајот на ракописот

со наслов „Практикум по Месо и преработки од месо“ од авторот проф. д-р Ацо Кузелов;

2. Донесување Одлука за усвојување на распоредот за зимски семестар во академската 2015/2016 година на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
3. Донесување одлуки по разни барања од вработени;
4. Донесување одлуки по разни барања од студенти во прв циклус студии;
5. Донесување одлуки по разни барања од студенти во втор циклус студии.

**Одлуки донесени на седниците**

***Одлуки донесени на 103. седница на ННС, одржана на 17.10.2014 год.:***

1. Предлог - одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Лозарско производство на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Одлука за усвојување на Предлог - годишен план и програма за издавачка дејност на единицата на УГД;
3. Одлука за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работење на Земјоделскиот факултет;
4. Одлука за усвојување на извештајот на ракописот за учебник со наслов „Агроекологија“ од авторите проф. д-р Љупчо Михајлов, проф. д-р Лилјана Колева - Гудева и доц. д-р Фиданка Трајкова;
